НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА

# НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТКА ПАРТИЈА

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД – ТИТО ПЕТКОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НСДП ....................5**

I. НОВ КУРС НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА: КВАЛИТЕТЕН ЕКОНОМСКИ РАСТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД.................. 8

1. СОЗДАВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ: ГРАДЕЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЧКА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА.........................................9

2. НОВИ НАСОКИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА........................ 11

2.1 ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА ................ 11

2.2 ДАНОЧНА ПОЛИТИКА........................................ 12

2.3. БУЏЕТСКА ПОЛИТИКА........................................14

2.4 НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА.........15

2.5. МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ......................................16

2.6 ФИНАНСИСКИ СЕКТОР .......................................17

2.7. ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА.....................................18

2.8. НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА И СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ..............................................20

2.9. ОСНОВАЊЕ НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈ ......... 21

2.10. КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..........................................22

II. ЕНЕРГЕТИКАТА – НАША СТРАТЕШКА ЦЕЛ.........................23

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА ....................................23

2. ИЗГРАДБА НА НОВИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ ЕНЕРГЕТСКИ КАПАЦИТЕТИ..........24

3. РАЗВОЈ НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..............26

4. РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНАТА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА ..............26

5. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ........................................27

6. ЗАШТИТА ОД ЕНЕРГЕТСКА СИРОМАШТИЈА...............................27

III. ПРИСТОЕН ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ... 29

1. НОВ ПОЛИТИЧКИ МОРАЛ И НЕЗАВИСНО СУДСТВО .........................29

1.1 ЕФИКАСЕН ПРАВЕН СИСТЕМ....................................29

1.2 ХАРМОНИЗАЦИЈА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА...............30

1.3 НЕЗАВИСНО СУДСТВО..........................................30

1.4 ДОСТОИНСТВО ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ ДОМОВИ ..................... 31

1.5 КОНТРОЛА НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ПРАВА.............................. 31

2. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА..............................................32

2.1. ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ ..............................................33

2.2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ... 35
2.3. ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ... 37
2.4. РАБОТНИ ОДНОСИ И ПАЗАР НА ТРУД ... 39
2.5. МОТИВАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ... 40

3. ЗДРАВСТВО ... 40

4. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ... 44
4.1 ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ... 44
4.2. НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ... 46
4.3. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ... 46
4.4. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ... 47
4.4.1 ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ... 47
4.4.2 УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ... 48

5. КУЛТУРА ... 49
5.1 ВЕРАТА И СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА ... 50

6. ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО ... 51
6.1 ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА – ШАНСА ЗА РАЗВОЈ ... 51
6.1.1 СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ ... 52
6.1.2 ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ ... 54
6.1.3 ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ... 54
6.1.4 РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ... 55
6.2 ШУМАРСТВО ... 58
6.3 ВОДОСТОПАНСТВО ... 60

7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 61

8. ТУРИЗАМ ... 63

9. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ... 65

10. ИНФОРМАТИКА И ИНФОРМАЦИСКО ОПШТЕСТВО ... 67

11. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ... 69

12. ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОСТОРОТ ... 70

13. ГРАДЕЖНИШТВО ... 72

14. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ... 72

15. ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО ... 75

16. НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ... 76

17. БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И ЗАШТИТА ... 82

IV. РЕЗИМЕ НА ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА НСДП ... 85

# НАШИ ВИЗИИ – НАША ПРОГРАМА

## Македонија мора побрзо!



Живееме во една од најубавите земји на планетата Земја со природни ресурси и човечки потенцијали. Затоа не можеме да се помириме со постојното. За нас времето како да застанало, а ги имаме сите предуслови да живееме подобро, да бидеме посреќни и позадоволни. Ни требаат нова организација, нова политика, нов морал, одговорност. Македонците, граѓаните на Република Македонија, ги има секаде во светот. Секаде се успешни. Моја желба отсекогаш била тука да го донесеме светот, тука да најдеме мир, правда, работа и радост. Затоа, на политиката гледав како на занает кој носи конкретни дела, ги поврзува сите фактори во конкретен резултат, низ проекти, од конкретни луѓе и тимови, луѓе со визија и идеи. Народот е изморен од предизборни лаги, големи преродби и лажни патриоти, демагошки пароли, пропагандни „големи идеи“ и „големи дела“, кои траат само до следната кампања.

Македонија во новиот век влезе како самостојна, суверена држава. Исполнет е сонот на плејадата револуционери, борци, патриоти. Имаме нов Устав, нов плурален амбиент, градиме демократски инсти-

туции, единствен поглед кон ЕУ и кон НАТО. За жал, се уште имаме политичари и политика со кои сме далеку од посакуваните цели. Се работи лошо, се лаже и се краде, се фалсификува граѓанската изборна волја, резултатите и одговорноста се заменуваат со демагогија, „фабрикувани" приказни му се продаваат на светот - како успех. Живееме полошо од 1990 година. Процентот на невработеноста е над 30%, а апсолутната сиромаштија се движи кон 30%. Бруто домашниот производ, не достигнува ниту третина од БДП во земјите од опкружувањето. Странскиот капитал не одбегнува, одделни земји од нашето соседство, имаат инвестиции на годишно ниво, колку Македонија во целиот 20-годишен транзиционен период.

Каде ние всушност одиме? Ништо од предизборните ветувања за благосостојба! Очекувавме многу, добивме малку, добивме ништо. Не ја искористивме шансата пред светот. Подотворени врати, подадена рака.

Сами затаивме. И додека власта не залажуваше со ронки, сите кои беа зад нас од опкружувањето - веќе не претркаа. Затоа, драги мои, по пет години успешно опстојување на политичката сцена НСДП, чувствувајќи го пулсот и очекувањата на граѓаните во земјава, уверува дека:

## Македонија може повеќе, Македонија мора побрзо!

НСДП прокламира нов политички морал, нов вредносен систем, нов економски патриотизам. Не крадете ја својата земја. Таа ви е дадена на управување, а не на искористување. Само за уредување и доизградување - за идните генерации.

НСДП нуди и гарантира - нова економска политика, нов модел на работен однос и заштита на трудот. Имаме знаење, имаме тимови, имаме енергија, имаме мотив, имаме ентузијазам. НСДП мора и може тоа да го одработи, ЧЕСНО И ОДГОВОРНО.

Ние прокламираме нов патриотизам. Наш апсолутен приоритет се битката со сиромаштијата и невработеноста и човековото достоинство. Наша цел се луѓето, нивната насмевка, оптимизам, враќање на вербата во државата и институциите. Мора да се дејствува енергично, чесно, брзо.

Со знаење и одговорност. Имаме програми. Во светот ќе бараме пријатели и инвеститори, во земјата ќе воведеме ред и одговорност. Неправедно присвоеното треба да се врати. Гарантираме правична рас-

пределба на заеднички создаденото богатство, уредена држава, одговорна власт.

НСДП ги следи најдобрите и применливи социјалдемократски вредности. Слабите нема да ги оставиме без заштита, луѓето без работа, младите без перспектива, а вработените на милост и немилост на работодавачите. Проектот НСДП значи: социјална праведност, одговорност и солидарност.

Овој проект се базира на фундаменталните човекови права и слободи. Ги поддржуваме трудот, резултатите и жестоко ќе се спротивставуваме на секаква форма на дискриминација на трудот. Луѓето кои живеат од својот труд - физички и интелектуален. Малите и средните бизнизи. Работниците и земјоделците. Професорите и административците. Војниците и полицајците. Невработените и стечајците. Сите, без најмала разлика од која вера и нација се. Македонија ќе биде просперитетна, ако сите подеднакво ја чувствуваат како своја и така ја градат и ја заштитуваат. Ние ќе се потпреме и на стекнатиот творечки и материјален капитал на сите Македонци во светот, на сите кои излегле од Македонија. Ние знаеме дека Македонија може подеднакво да се гради и од овде, но и од сите светски дестинации, исто како што видовме дека може да се разградува и од среде Скопје. Македонија, нејзините граѓани, заедно со сите луѓе кои ја напуштиле - затоа што морале - тоа го знаат и можат да го направат.

**Побрзо, ЧЕСНО И ОДГОВОРНО, во насока кон ПРИСТОЕН живот за сите!**

**Секогаш Ваш,**
**Тито ПЕТКОВСКИ, Претседател на Нова социјалдемократска партија**



# I. НОВ КУРС НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА Квалитетен економски раст и подобрување на животниот стандард

**Нова социјалдемократска партија (НСДП) гради нова економска политика, со нов политички морал и особено нагласен нов економски патриотизам.** На социјалдемократија, иманентна и е борбата против сиромаштијата. Социјалдемократијата за причина на своето функционирање ја има заштитата на слабите, без да ја доведува во прашање основната рамка на пазарната демократија. Ние сме за нагласена грижа за невработените, хендикепираните, старите лица и пензионерите и за сите други чувствителни групи.

**НСДП се залага за квалитетен економски раст.** Квалитетниот економски раст претпоставува истовремено со динамизирањето на економскиот раст да се подобрува и животниот стандард на граѓаните. За таа цел НСДП ќе се залага за порамномерна и праведна распределба на бруто домашниот производ меѓу македонските граѓани.

**Основна наша цел во наредниот период ќе биде динамизирање на економскиот раст и оспособување на економијата да создава нови работни места.** Оваа наша цел ќе ја оствариме преку подигање на квалитетот на структурните реформи и создавање на поволна бизнис клима.

***Подигањето на квалитетот на структурните реформи ќе се одвива во следниве насоки:***

- натамошно преструктурирање на секторот на претпријатијата;
- подигање на квалитетот и ефикасноста на корпоративното управување;
- потикнување на развојот на малите и средните претпријатија и развој на претприемништвото - *иновации и нови технологии.*

***Главни наши определби на макроекономски план се:***

- *Одржување на **макроекономска стабилност;***
- *Креирање на **поволна инвестициона клима;***
- *Создавање на амбиент за **поттикнување на конкуренцијата;***

- *Спроведување политика за **намалување на невработеноста и борба против сиромаштијата**.*

***За да ги реализираме овие определби НСДП ќе се насочи кон:***

- *Изградба на добро функционирачка пазарна економија, преку создавање на здрави институции и*
- *Воспоставување на нов курс на македонската економија.*

# 1. СОЗДАВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ Градење на функционирачка пазарна економија

За НСДП постоењето на функционирачка пазарна економија преставува еден од главните столбови на современиот општествено економски систем, базиран врз демократско уредување и слободно функционирање на пазарниот механизам. Функционирачка економија подразбира кредибилни и функционални политички и економски институции. Тоа се институции кои можат да дадат значаен инпут во поддржувањето на долгорочниот економски раст и развој преку креирање на економски амбиент кој стимулира зголемена продуктивност. Доброто функционирање на институциите значи и постоење на ниски трансакциски трошоци за водење на бизнис активности и претставува главен атрактор за отпочнување на нови и развој на постојните бизниси во земјата.

Затоа, како една од главните определби и цели на НСДП е јакнењето на институционалниот капацитет во земјата, бидејќи здрави институции се основен предуслов за динамизирање на економскиот раст. За таа цел НСДП ке се насочи кон создавање и зајакнување на капацитетите на следниве четири типа на институции:

***1. Зајакнување на капацитетите на институциите кои го поддржуваат развојот на пазарната економија и развој на институциите кои имаат задача да го заштитат правото на сопственост и да го осигураат извршувањето на договорите.***

Сè уште се слаби оценките за спроведените реформи во судскиот систем, како и оценките за неговото функционирање. Кредибилитетот во функционирањето на судскиот систем е од суштинско значење

за заштитата на сопственичките права и сигурноста во извршувањето на договорите. Бавното решавање на судските предмети ја наметнува потребата од тесна специјализација на судиите по области и нивна континуирана обука за решавање на проблемите од одделни области од стопанска природа.

*Во оваа насока НСДП се залага за отстранување на конфликтните решенија во законската регулатива со која се регулираат деловните односи, активности и функции во бизнис секторот.*

***2. Воспоставување и зајакнување на капацитетите на институциите за регулирање на пазарите, за да се отстрани или барем ублажи т.н. пазарен неуспех. Тоа се институциите за регулација на екстерналиите, институции што обезбедуваат јавни добра, институции за регулација на монополите и слично.***

Пазарниот механизам пројавува дефекти (стекнати, но и вродени) и недостатоци во своето функционирање. Затоа пазарот не може во секоја економска ситуација да даде решение, а оние кои ги нуди се далеку од оптималните пазарни решенија. Бројни се примерите во практиката кои укажуваат на ограничување на конкуренцијата и злоупотребата на монополската моќ на пазарот. Оттука произлегува и потребата за постоење на регулаторни тела кои би ја поттикнувале конкуренцијата и би го санкционирале монополското однесување на пазарот, како и да ја регулираат понудата на јавните добра и услуги. Меѓутоа, самото постоење на овие агенции и соодветната правна рамка која го регулира нивното работење, не значи и автоматско подобрување на функционирањето на пазарот.

***Во таа насока НСДП ќе ги преземе следниве чекори:***

- *јакнење на кадровскиот капацитет на сите регулаторни тела и Агенцијата за заштитата на конкуренцијата, преку зголемување на квалитетот на вработените во овие институции и преку нивна континуирана обука;*
- *јакнење на техничкиот и материјалниот капацитет на агенциите;*
- *оттргнување на овие агенции од секакви политички влијанија и создавање услови за нивна самостојност и независност во работењето.*

Крајниот ефект од реализацијата на овие активности треба да биде зголемената оперативна и управувачка ефикаснот на овие агенции.

**3. Јакнење на капацитетите на институции за стабилизација на пазарите.** Тоа се институциите кои се задолжени да обезбедат макроекономска стабилност, како еден од предусловите за динамизирање на економскиот раст и

**4. Посебно внимание ќе обрнеме за јакнење на капацитетите на институции задолжени за легитимитетот на пазарот.** Овие институции треба да обезбедат социјална сигурност на граѓаните, правилна дистрибуција на доходот и да управуваат со социјалните конфликти. Тука спаѓаат пензиските фондови, програмите за помош во случај на невработеност, како и другите социјални фондови.

# 2. НОВИ НАСОКИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

## 2.1 ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД СЕ:

- **Постигнување високи и одржливи стапки на раст на бруто домашниот производ, т.е на економскиот раст од минимум 6% до 7% годишно.** Со оглед на фактот дека Република Македонија е мала и отворена економија, извозната ориентација на македонското стопанство се смета како една од позначајните цели на севкупната политика. Трендот на зголемување на увозот во однос на извозот и неговата се помала покриеност мора да се промени. Имено, **извозната ориентација ќе значи многу повеќе од просто подобрување на трговскиот биланс**. Таа, исто така, значи и **подобар квалитет, унапредување на технологијата, поголемо користење на иновациите и знаењето**, повеќе ангажирање на домашна работна сила, односно постигнување одржлив пораст;
- **Ниска инфлација**, односно одржување на висока ценовна стабилност;
- **Намалување на невработеноста** во наредните четири години под 25%;
- **Подобрување на животниот стандард на населението**. Остварувањето на оваа цел ќе се постигне преку политиката на: дина-

мизирање на економскиот раст, зголемување на вработеноста, како и преку перманентно индексирање на платите за стапката на инфлација со цел одржување на платите на реално ниво, а по можност и нивно зголемување.

## 2.2 ДАНОЧНА ПОЛИТИКА

НСДП ќе посвети особено внимание на даночната политика. Реформите во оваа област ќе овозможат привлекување на домашни и странски инвеститори и зголемување на вработувањето. Република Македонија треба решително да и се спротивстави на даночната евазија.

**НСДП, преку реформите во даночната политика се стреми кон обезбедување:**

**1) Стабилна даночна политика на подолг рок во насока на развој на економијата и подобрување на животниот стандард на граѓаните.**

***Приоритетни мерки кои ќе се преземаат се:***

- ★ Интензивирање на хармонизацијата на нашата легислатива со легислативата на Европската унија. Елиминирање на досегашната практика на донесување законски прописи „преку ноќ", под назнака „доверливо" до објавувањето. Оваа практика создаде крајно несигурна клима за инвестирање и работење;
- ★ Елиминирање на практиката во повеќе закони да се применуваат даночни ослободувања. Се што е за даноците ќе биде инкорпорирано во законите за даноци и ќе се отстрани досегашната конфузија и субјективни толкувања;
- ★ Информираност на даночните обврзници за секоја нивна давачка и транспарентност на нивните обврски и права;
- ★ Превенција на даночната евазија. Елиминирање на двојното оданочување, но и решителна борба за сузбивање на даночната евазија;
- ★ Забрзување на постапките за потпишување и ратификување на меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување со што поголем број земји;
- ★ Независна, деполитизирана, стручна и ефикасна даночна администрација;

- ★ Закон за финансиска дисциплина. Строги санкции и сигурни средства и начини за обезбедување на плаќањата. Постепено елиминирање на должничката спирала која ја тоне македонската економија. Исто така, државата како должник навремено да ги плаќа своите обврски кон даночните обврзници. Со надминување на горливиот проблем на неликвидност, даночните обврзници навремено ќе ги плаќаат своите даночни обврски.

**2) Нов Закон за данок на добивка**

**Нулта стапка на данок на добивка и ослободување на дел од данокот на добивка за домашни и за странски правни лица во период од 4 години за:**

- ★ вложувања во опрема за современа технологија;
- ★ воведување нови производи;
- ★ нови вработувања;
- ★ вложувања во образование и континуирана обука на вработените;
- ★ модернизација и унапредување на работењето;
- ★ развој на производството на повисок степен на преработка;
- ★ зголемување на извозот;
- ★ зголемување на стопанската активност во области на Републиката каде што растот на вработување е под просекот на Републиката;
- ★ развој на нова понуда на услуги;
- ★ заштеда на енергија и пронаоѓање нови извори на енергија;
- ★ развој на научно-истражувачката дејност;
- ★ јакнење на информатичката дејност;
- ★ прилагодување на македонското стопанство со ЕУ стандардите;
- ★ еколошки чисти и одржливи производства.

Основната цел на НСДП е поттикнување на претпријатијата да инвестираат, бидејќи тоа води кон економски раст, јакнење на конкурентската способност на македонската економија и забрзано вклучување во тековите на меѓународната размена.

**3) Промени во законот за персоналниот данок од доход**

- ★ Промени во перосналниот данок од доход преку воведување на даночна прогресија со следниве даночни стапки: 9%, 12% и 15%.

- Ослободување од персонален данок од доход за социјално загрозените семејства кои имаат лице со посебни потреби (инвалидитет).
- Ослободување од персонален данок од доход за лица кои остваруваат доход под трошоците за живот.

**4) Измени во Законот за ДДВ и поедноставени постапки:**

- Промени кои ќе овозможат уплата на ДДВ врз основа на наплатена, а не фактурирана реализација;
- 3% стапка на ДДВ за сите комунални услуги;
- 3% стапка на ДДВ за туристички услуги за странски туристи;
- 3% стапка на ДДВ за информатичка опрема и информатички услуги;
- 3% стапка на ДДВ за основните прехрамбени производи;
- 3% стапка на ДДВ за електрична енергија и други видови алтернативни извори на енергија за граѓаните;
- 3% стапка на ДДВ при откуп на земјоделски производи од регистрирани земјоделци и сточари.

## 2.3. БУЏЕТСКА ПОЛИТИКА

Досега донесените буџети, за изминатиот период, ја немаа развојната компонента. Особено загрижува фактот што капиталните буџетски расходи во последниве неколку години наместо да се зголемуваат, тие се намалуваат. Имено, ако во 2006 година капиталните расходи изнесуваа 18% од вкупните буџетски расходи и на тоа ниво останаа и во 2007 година, од 2008 година тие перманентно се намалуваат, за во 2010 година тие да се предвидат на рекордно ниско ниво под 15% од вкупните буџетски расходи. **Наша основна определба и цел која треба да ја оствариме во иднина е капиталните расходи да не бидат пониски од 25% од вкупните буџетски расходи.** Само на овој начин ќе се зајакне развојната компонента на буџетот, а зголемените трошења и буџетскиот дефицит ќе бидат оправдани.

**НСДП во наредниот период ќе води политика на рационализација и ќе се откаже од сите непродуктивни буџетски трошења, а за сметка на стимулирање на развојната компонента на буџетот.**

Денес во Република Македонија нема усогласеност меѓу монетарната и фискалната политика, што значи дека не постои оптимален фискално-монетарен микс. Основната причина за ваквата ситуација е недомаќинското однесување на Владата во поглед на буџетските трошоци и создавањето висок буџетски дефицит. **Приоритет на НСДП во доменот на водењето на фискалната политика, во наредниот период ќе биде нејзино целосно координирање со монетарната политика и создавање оптимален фискално-монетарен микс за Република Македонија, како битен предуслов за динамизирање на економскиот раст.**

Високите буџетски дефицити што ги креира оваа Влада неминовно водат до долгорочно задолжување на македонските граѓани.

**НСДП смета дека никој нема право да ги задолжува идните генерации за остварување на лични интереси и богатства, па затоа предизвик во наредниот период ќе биде намалување на јавниот долг на државата.**

## 2.4 НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

***НСДП се залага за:***

- ★ Оптимална, ефикасна и непартизирана државна администрација која целосно ќе биде структурирана и, пред се посветена на задоволување на потребите на нејзините граѓани. Тоа ќе значи дека администрацијата постои за граѓаните, кои всушност ја плаќаат, а не сама за себе;
- ★ Професионализација и целосна деполитизација на државната администрација преку однапред поставени критериуми за вработување и за извршување на задачите на државните службеници;
- ★ Јавната потрошувачка за непродуктивни буџетски расходи во однос на бруто домашниот производ треба да се намали и да се движи најмногу до 15%, како што е во развиените земји, а не како кај нас каде што достигнува и до 30% во однос на бруто до-

машниот производ. НСДП во согласност со барањата на светските финансиски институции, а пред се со потребите на граѓаните ќе ја намали државната администрација, во текот на четиригодишниот период, со што средствата што ќе се заштедат ќе се насочат во инвестиции за развојни проекти;

- Намалување на дискреционите права на министерствата и воведување и зајакнување на механизми за контрола, како и следење на работењето на администрацијата од страна на граѓаните. Тоа ќе значи максимално редуцирање на бирократијата и корупцијата преку дерегулација;
- Строго почитување на законските прописи.

## 2.5. МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

НСДП се залага за одржување на долгорочна стабилност на цените. Одржување на инфлација на ниско и стабилно ниво на подолг рок ќе биде наш приоритет во наредните четири години.

***Со ова ќе се постигнат две цели:***

- Заштита на делот од населението што има низок доход и низок животен стандард од натамошно осиромашување и
- Подобрување на инвестиционата клима, како битен предуслов за зголемување на обемот на инвестиции.

НСДП смета дека преку монетарната политика треба да се влијае врз зголемување на домашното штедење, ефикасна алокација на ресурсите, како и намалување на нивото на каматните стапки со што ќе се поттикне долгорочна инвестициона активност.

НСДП се залага за фискална политика која ќе биде координирана со монетарната политика, така што преку инструментите на монетарната политика најнепосредно ќе може да се влијае врз намалувањето на каматните стапки, што во услови на ниско ниво на инвестиции е од клучна важност. Изградбата на оптимален фискално-монетарен микс е определба на НСДП.

## 2.6 ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во структурата на македонскиот финансиски систем доминантната позиција му припаѓа на банкарскиот систем. Банките сè уште се фокусирани на креирање и понуда на класичните банкарски производи и услуги (депозитите и кредитите). Олигополизираната пазарна структура на банкарскиот пазар, сиромашната понуда на банкарски производи и услуги и непостоењето на супститути им нуди голема комоција на банките во креирањето на нивната кредитна политика и нудење кредити со високи каматни стапки.

Затоа дејствувањето на НСДП во наредниов период ќе биде насочено кон јакнење на конкуренцијата во финансискиот систем. Преземање мерки за стимулирање на развој на нови финансиски производи, продлабочување на развојот на пазарот на капитал, создавње услови за развој на нови можности за финансирање на инвестициските потреби на фирмите и слично.

Во таа насока НСДП ќе се залага за подобар и полесен пристап на големите, малите и средните претпријатија, како и на поединци, до кредити за пониска цена на позајмениот капитал, што значи помали каматни стапки. Создавањето вистинска пазарна конкуренција и здравиот банкарски систем ќе овозможат овие цели, кои ги предвидува НСДП, да се реализираат.

Што се однесува до конкуренцијата, со македонското искуство се потврдува дека зголемениот број банки автоматски не значи намалување на цената на финансиските услуги. Напротив, во целиот овој период банките имаа и се уште имаат многу високи каматни стапки и високи трансакциски надоместоци. И новите помали банки кои се формираа во меѓувреме ги прифатија овие маргини како начин за покривање на нивните високи оперативни трошоци. Силен елемент на конкуренција би било присуството на странски банки, особено познати брендови, или филијали на странски банки во домашниот банкарски систем. Странските банки би ја подобриле алокацијата на кредитите, а би го пренеле и нивното искуство, како и деловните техники. Притоа, битно е лиценци да им бидат дадени на бонитетни странски банки, со што би се минимизирале можностите за финансиски ‘’потреси’’ и измами.

**Имајќи го предвид досегашното функционирање на банкарскиот систем, НСДП во наредниот период ќе се залага:**

- Банкарскиот систем да стане сектор кој ќе има големо значење за развојот на економиата;
- Да се зголеми довербата во банките, како и индивидуалните заштеди, што во практика ќе значи зголемен инвестиционен потенцијал во Република Македонија, Финансискиот капитал да се стави во функција на економскиот развој (каматни стапки од 4% до 6% за кредити за инвестиции).

## 2.7. ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА

*Поволната инвестициска клима* има големо влијание врз иницијативите на приватните бизниси да инвестираат и експандираат. Оттука, инвестициската клима ја игра централната улога во динамизирањето на економскиот раст и отворањето нови работни места. Таа е клучна за креирање *квалитетен економски раст*. Сликата на инвестициската клима во Македонија е многу лоша, бидејќи напорите за нејзино подобрување беа парцијални и со слаб интензитет.

Во целиот транзиционен период, а особено денес, Македонија не успеа да изгради соодветна инвстициска клима, што е основен предуслов за привлекување домашни и странски инвестиции. Иако голем број од факторите што влијаат врз инвестициската клима беа од неекономска природа (спорот со јужниот сосед), сепак за Македонија е карактеристично тоа што факторите од економска природа се со големо негативно влијание.

***Тие фактори се:***

- прво, бавното имплементирање на структурните реформи;
- второ, недоволното инвестирање во крупната инфраструктура, посебно во патната и железничката мрежа, како и во локалната инфраструктура и комуналните сервиси;
- трето, лимитиран пристап кон банкарските кредити како резултат на високите реални каматни стапки;
- четврто, неефикасно корпоративно управување;
- петто, неповолна структура на работната сила според образованието и времето на чекање на работа и т.н.

За да се надмине ваквата неповолна ситуација, *приоритет на* НСДП *во наредниот период ќе биде концепирање на системскиот приод, што претпоставува спроведување на системски реформи за*

*подобрување на сите сегменти (без исклучок) кои ја сочинуваат инвестициската клима.*

***За таа цел ние ќе се залагаме за:***

- ★ Воспоставување на повисока стабилност во државата (макроекономска, политичка, меѓуетничка и сл.);
- ★ Подигање на нивото на заштита на сопственичките права и забрзување на реформите во судството;
- ★ Зголемување и јакнење на капацитетите на регулаторните институции;
- ★ Поедноставување на административно-бирократските процедури и борба против корупцијата;
- ★ Натамошни реформи во фискалната сфера;
- ★ Изнаоѓање нови и поповолни извори за финансирање на бизнисите и
- ★ Изградба на современа инфраструктурата (патна, железничка, телекомуникации, енергетика и тн.)

Целта на НСДП во наредниот период ќе биде не само стимулирање на приватните инвестиции, туку и поттикнување на инвестирање од страна на државните институции. Затоа НСДП ќе води политика на *стимулирање на јавните инвестиции.*

Капиталните инвестиции од Буџетот на РМ, како и инвестициите на другите јавни институции, во првите две години ќе бидат на ниво не пониско од 10% од БДП, со тенденција во наредните години да не бидат пониски од 13% од БДП. Приоритети ќе бидат инвестирањето во крупната инфраструктура, опрема во образовно-научната дејност, здравството и во културата.

НСДП во наредниот период ќе води политика на охрабрување на единиците на локалната самоуправа (општините) да инвестираат на локално ниво и ќе ги разгледа сите можности тие да се стекнат со извори на финансирање преку емисии на т.н. општински обврзници заради нивен развој преку сопствено финансирање. Ова значи дека НСДП ќе го стимулира локалниот економски развој.

## 2.8. НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА И СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Република Македонија има највисока стапка на невработеност во Европа, која се одржува на енормно високо ниво од над 30%. Основна цел во наредните четири години ќе биде сведување на невработеноста под нивото од 25%, а во наредните осум години и под 15%. Ова е единствениот начин на граѓаните на Република Македонија да им се обезбеди **ПРИСТОЕН ЖИВОТ.**

***НСДП за наредниот четиригодишен период ќе се ангажира за:***

- Севкупно подобрување на сите сегменти на инвестиционата клима, со цел да се охрабрат домашните и странските инвеститори да инвестираат и да влијаат врз создавање на нови работни места и зголемување на вработеноста.
- Проширување на постојните и воведување нови активни програми на пазарот на трудот за да се зголеми можноста за вработување;
- Донесување Закон за неформално образование (образование за возрасни) кој ќе овозможи со курсеви и обуки невработените лица без квалификации, да се здобијат со одредено занимање и вештина, а АВРМ ќе може невработените лица бесплатно да ги упатува на обуки за претприемништво и други вештини за потребите на пазарот на трудот, кои ќе им овозможат самовработување и поголема конкурентност како работна сила;
- Намалување на персонален данок од доход и одржување на давачките за социјалното осигурување на работодавците на разумно ниско ниво што ќе овозможи вработување на, според наша проценка, околу 100.000 работници кои работат непријавени. Со тоа државата нема да изгуби, туку ќе добие средства;
- Утврдување на бенефиции за самовработување - почнување мали бизниси за лица кои првпат самостојно ќе почнат да работат (покривање на трошоците за регистрација на фирма, кредити со поволни услови, пониски каматни стапки и поволни грејс периоди), кои ќе придонесат невработените лица да се мотивираат за самовработување;
- Утврдување на пониски давачки за лицата кои располагаат со земјоделско земјиште, давање на неискористеното земјоделско

земјиште по поволни услови на лица кои можат да се занимаваат со земјоделие. Тоа ќе придонесе голем број од регистрираните невработени лица да се регистрираат како вршители на земјоделска дејност;

- Ангажирање на невработените лица корисници на социјална помош во јавни работи, организирани од локалната самоуправа и работодавците од јавниот сектор, со обезбедување паричен надоместок за времето за кое се ангажирани, така ќе се обезбеди активирање на лицата кои се само пасивни корисници на правата и можностите за нивно вработување;
- Преку зајакната трудова инспекција, да се спречат злоупотребите врз лицата со посебни потреби кои се вработуваат од страна на работодавците со доделување на средства на работодавецот од Посебниот фонд за вработување на инвалидни лица;
- Измени на Законот за работни односи во насока на утврдување на волонтерска практика за млади невработени лица со завршено средно и високо образование, со цел генерирање нови работни места, по пат на непосредна понуда на вештините на невработените лица;

## 2.9. ОСНОВАЊЕ НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈ

Оваа Агенција би се занимавала со изготвување и имплементација на сеопфатна Национална стратегија за индустриски развој. Кај нас досега постоеле неколку обиди за дефинирање на програма за индустриски развој, но без некаков поголем успех. Практика на сите развиени економии е креирање на јаки домашни компании (национални шампиони) способни да се справуваат со конкуренцијата на меѓународниот пазар. Преку дефинирање на соодветни развојни политики, во кои јасно се дефинирани приоритетите на индустрискиот развој, националните влади го поттикнуваат создавањето на „националните шампиони". Во Македонија досега иамаме примери на поединечни „успешни приказни", но тоа не е доволно за постигнување одржлив долгорочен развој. Кај нас не постои интегрирана стратегија за индустриски развој. Структурната компонента на увозот, а посебно на извозот неминовно ја наметнува потребата за индустриско преструктурирање. Имено, кон-

тинуиран е растот на учеството на полупроизводите производите и на производите со низок степен на обработка. Вака структурираната индустрија не може да биде главен двигател на долгорочниот развој на земјата. Последиците од негативните рецесиони тенденции на светскиот пазар најмногу се чуствуваат на пазарите на суровини и полупроизводи. Затоа, долгорочна цел е да се реструктурира извозниот сектор во насока на развој на фирми што произведуваат и нудат производи со поголема додадена вредност.

Националната Агенција за индустриски развој би била задолжена за привлекување и стимулирање нови домашни и странски инвестиции, што подразбира изедначување на третманот на домашниот и странски инвеститор.

Во организациона смисла ова ќе значи стопување на надлежностите на Агенцијата за привлекување на странски инвестиции со Националната агенција за индустриски развој. Клучно за функционирањето на оваа Агенција ќе биде партнерството со Стопанските комори за промовирање на домашните компании на меѓународниот пазар.

## 2.10. КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Статистичките податоци и извештаи укажуваат на нискиот процент на искористеност на средствата од претпристапните европски фондови. Главна причина за ваквата состојба е слабата понуда на добри и издржани проектни апликации, а што се јавува како резултат на слабата домашна експертиза за нивна подготовка. Најголем дел е наменет за инвестиции во земјоделството, а потоа за Коридорот 8 и за локални инвестиции.

НСДП ќе ги следи овие приоритети и ќе се залага за формирање на советодавни центри кои на фирмите би им ја испорачувале потребната експертиза за подготовка на проектните апликации. Така ќе зајакне капацитетот на фирмите за подобро користење средства од европските фондови. Финансирањето на овие центри би било субвенционирано од страна на Владата.

# II. ЕНЕРГЕТИКАТА – наша стратешка цел

## 1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Енергетскиот сектор претставува еден од основните столбови на стопанството кој по својата природа има стратешко значење за Република Македонија.

**Затоа НСДП се залага за подигнување на значењето на овај сектор на нивото кое го заслужува, а тоа е преминување во Министерство за енергетика.**

Моменталната поставеност на енергетиката како Сектор за енергетика во рамките на Министерството за економија, години station наназад не ги дава потребните резултати. Денес производството на електрична енергија е значително опаднато во однос на годините наназад. Бројките покажуваат дека имаме пад за цели 14% на произведена електрична енергија во 2007-2008 година во однос на просекот на производство во периодот 2000-2006 година. Ова од друга страна доведува до зголемување на одливот на девизи, како резултат на увозот на електрична енергија, кој во 2008 година достигна фантастични 240 милиони евра. На сметка на ова треба да се додаде дека само во РЕК Битола кој е најголем производител на електрична енергија во Македонија имаше зголемување на трошоците за ископ и транспорт на јаловина за неверојатни 30 милиони евра. Последните две години 2009 и 2010 како резултат на поволната хидролошка состојба и работата на хидроцентралите производството се зголеми а увозот на електрична енергија се намали.

Ако на ова се додаде и фактот дека во изминатиот период немаме ниту една сериозна инвестиција во енергетиката (освен последните најави во 2011 во предизборието) потребата на постојан мониторинг во овој сектор е приоритетна.

Затоа НСДП смета дека со основање на Министерство за енергетика на овој сектор ќе му се даде потребната тежина и внимание кое го заслужува. Ќе се даде еден силен импулс во решавањето на натало-

жените проблеми во енергетиката во Македонија и ќе се добие една институција која ќе ги превземе досегашните активности од Секторот за енергетика но својата организациона структура ќе ја прошири со елементи кои ќе внесат живост и енергија. Вакви Министерства за енергетика има не само во соседните земји на Балканот туку и во поголемиот дел од земјите од Европа.

**Потребно е итно намалување на трговскиот дефицит на земјата со странство од кои најголемиот дел е како резултат на увозот на електрична енергија и нафта и нафтени продукти.**

## 2. ИЗГРАДБА НА НОВИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ ЕНЕРГЕТСКИ КАПАЦИТЕТИ

Потребата за изградба на нови енергетски капацитети е повеќенаменска. Со овие нови капацитети не се решава само енергетскиот недостатокот, туку тие треба да претставуваат **потенцијална спирала која ќе го раздвижи стопанството, ќе донесе странски инвестиции, технологија и секако ќе обезбеди голем број на нови вработувања,** *како во новоотворените енергетски капацитети, така и во градежниот и транспортниот сектор. Ова понатаму е солидна основа за поттикнување на развојот на мали и средни претпријатија.*

Со оглед на ова неопходно е формирање на државна стратегија за искористување на потенцијалот од изворите кои се неконвенционални, а притоа и речиси воопшто не ја загадуваат човековата средина. Имајќи ги во предвид исцрпеноста и животниот век на термоцентралите во нашата држава и можноста за инвестиции во нуклерни централи од државен интерес и приоритет е **инвестирањето во соларна, хидро и аеро енергија**.

**Глобалните климатски промени** кои ниедна научна установа во целиот свет не ги оспорува имаат најдиректно влијание во ресурсите за производство на овие видови на енергија. Со користењето на обновливите извори се избегнува емисијата на штетните материи согласно Кјото протоколот.

Главен проблем кај големите енергетски проекти кои ја заобиколија Македонија **е нејасната или економски неефикасната техничка спецификација** за изработка на проектите (ХЕ Чебрен и ХЕ Галиште,

Проектот Вардарска Долина), водењето на тендерската процедура, како и несериозниот пристап на владата и немањето визија за тоа каде треба енергетски да оди Македонија. Со други зборови станува збор за политички и бизнис интереси при самите тендери, но не и за интересите на државата.

Затоа НСДП се залага проектите од енергетскиот сектор прво да бидат исчистени од сите технички недостатоци кои значително ја зголемуваат цената на проектите а со тоа ги прават проектите економски неисплатливи.

**Приоритет на листата на енергетски проекти** кои НСДП ќе ги реализира се:

- ★ **Зголемување на стабилноста на ЕЕС преку реконструкција на ТЕ Неготино која служи како ладна резерва**
- ★ **ХЕ Бошков Мост**
- ★ **ХЕ Чебрен**
- ★ **ХЕ Галиште**
- ★ **ХЕ Велес**
- ★ **Изградба на што повеќе микро и мали хидроцентрали**
- ★ **Гасификација на Македонија**
- ★ **Што поитно целосно отворање на новиот површински коп Брод-Гнеотино**
- ★ **Отворање на рудникот со јамска експлоатација Живојно и изградба на нова термоелектрана Битола 4**
- ★ **Изградба на нова термоелектрана во Мариово**

**Обновливите извори на енергија** треба да почнат да се третираат сериозно од страна на Владата, што за НСДП претставува приоритет.

***Проблемите со кои потенцијалните инвеститори се среќаваат при решавање за инвестирање во хидроелектрани, електрани на ветер, соларни електрани и останати еколошки прифатливи енергетски извори НСДП ќе ги минимизира едноставно со значително поедноставување на постапките и потребните процедури за реализација на овие проекти, како и јасна и лесно применлива законска процедура за добивање на дозволи и лиценци за работа.***

НСДП ќе инвестира во:

изградба на паркови на ветерни централи со моќност од 50 MW во околината на Штип, Крушево и Богданци, односно на оние места каде електричната енергија добиена преку ветер е економски исплатлива инвестиција.

Изградба на сончеви централи со моќност од 1,5 MW, бидејќи во некои делови на Македонија има над 270 сончеви денови (Гевгелиско-Валандовскиот и Пелагонискиот регион).

## 3. РАЗВОЈ НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Градбата на нови производствени капацитети е потребно истовремено да биде поддржана со подобрување на инфраструктурата на преносната мрежа во Р. Македонија. НСДП ќе ги преземе следните активности:***

- Итна ревитализација на постојните далеководи, од кои некои се постари и од 30, 40 години и изградба на нови 110 kV далековод;
- Ревитализација на трафостаниците 400/110 kV во Скопје, Битола и Дуброво;
- Поврзување на електроенергетскиот систем на Р. Македонија со соседните електроенергетски системи преку нови 400 kV далеководи. Бидејќи Македонија е електроенергетски поврзана со Србија, Бугарија и Грција, за зголемување на стабилноста е потребно што поитно поврзување со **нови интерконективни 400 kV надземни водови со Албанија (Битола 2-Елбасан) и Косово и Србија;**
- Заради значителната потрошувачка и концентрацијата на инсталирана моќност од хидроелектрани во Западна Македонија, потребно е да се направи анализа **за можноста за изградба на 400 kV преносна мрежа.**

## 4. РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНАТА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА

НСДП се залага за доследно прифаќање на CENELEC стандардите во областа на електроенергетиката а во таа смисла **итно спроведување на стандардот 50160 за подобрување на квалитетот на испорачаната електрична енергија и сигурноста во снабдувањето.**

Не може да се дозволи во 21 век во некои делови од Р. Македонија напонот да биде понизок и од 150 V. Од тие причини потребно е итно инвестирање во дистрибутивната мрежа во Р. Македонија. Иако ова е задача на ЕВН Македонија НСДП ќе се заложи за што подобра комуникација и фер однос на Владата и Министерството за енергетика (економија) со ЕВН.

## 5. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со речиси двојно поголем просек на потрошувачка на електрична енергија компаративно со земјите од Европската Унија во Македонија речиси и неможе да стане збор за енергетска ефикасност.

За НСДП е јасно, **ова мора да се промени.**

***Чекорите кои НСДП ќе ги превземе во овај правец се:***

- Субвенционирање за користење на градежни материјали кои значително ја подобруваат енергетската ефикасност на објектите;
- Субвенционирање на сончеви колектори како за индивидуални така и за колективни станбени објекти, јавни како и комерцијални објекти;
- Стимулирање на изградба на јавни топлани;
- Стимулирање за замена на дизел горивото со LPG (гас) гориво во јавниот превоз.

## 6. ЗАШТИТА ОД ЕНЕРГЕТСКА СИРОМАШТИЈА

Во 21 век, кога енергијата претставува основна движечка и пратечка сила во сите процеси на човековиот живот, енергијата за НСДП претставува основно и загарантирано право на македонските граѓани. Затоа **за НСДП** како социјалдемократска партија во делот за енергетиката, **приоритет е воведувањето на социјална заштита од енергетска сиромаштија**.

Затоа сметаме дека долгоочекуваниот пакет за социјална заштита на најранливите категории на граѓани кој што едвај се воведе и изне-

сува смешни 600 денари треба што поскоро да почне да се проширува и да опфати што поголем дел од сиромашното население со што овие луѓе ќе бидат енергетски згрижени, а при тоа нема да биде нарушен пазарот со енергија во Македонија.

***НСДП предлага овој пакет за социјална заштита да изнесува најмалку 5 % од просечниот личен доход во Р. Македонија или околу 1000 до 1200 денари.***

# III. ПРИСТОЕН ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. НОВ ПОЛИТИЧКИ МОРАЛ И НЕЗАВИСНО СУДСТВО

### 1.1 ЕФИКАСЕН ПРАВЕН СИСТЕМ

- ★ Завршување на процесот на хармонизација со европското законодавство;
- ★ Релна имплементација на законите;
- ★ Ефикасни институции;
- ★ Приближување на законодавството на Р.Македонија кон правото на ЕУ(согласно ССА), со цел развивање на правна рамка за одржлив пазарно орјентиран економски систем отворен кон ЕУ и промовирање на Република Македонија како социјална држава со втемелен систем на владеење на правото;
- ★ Врз основа на Договорот за асоцијација и стабилизација со ЕУ потпишан во 2000 год.Република Македонија е задолжена да го усогласи сопственото законодавство со законодавството на ЕУ и утврди клучни приоритети за реформи;
- ★ Неопходно е забрзување на реформскиот процес, преку исполнување на обврските неопходни за партнерство.

***НСДП во тој контекст ќе обезбеди:***

- ★ Ефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал;
- ★ Стабилност на институциите што ќе гарантира демократија, владеење на правото, човековите права и почитување и заштита на малцинствата;
- ★ Транспарентност, професионалност и независност на јавната администрација;
- ★ Независност и непристрасност во судската пракса;

- Транспарентност и достапност;
- Закон за права на лицата со посебни потреби;
- Закон за преквалификација и вработување на стечајните работници;
- Промени во постојната регулатива во законот за работни односи и заштита на работничките права;
- Промени во постојната регулатива во законот за антидискриминација.

## 1.2 ХАРМОНИЗАЦИЈА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

***НСДП ќе се залага:***

- За сериозен пристап кон исполнување на обврските од пристапното членство со цел забрзување на реформите во процесот на хармонизација и имплементација на европското законодавство;
- Усогласување на одредбите за судир на закони и надлежности;
- Усогласувањето на одредбите за судир на закони и надлежности е една од основните потреби на македонското законодавство поради фактот дека во повеќе закони се обработуваат повеќе пати ист тип на обврски и права што често доведува до колизија меѓу истите. Сметаме дека е потребно да се направи нивелација на најголемиот дел од законите во Република Македонија заради нивно усогласување;
- Едукација на населението и на директните учесници во примената на законските прописи;
- Оваа едукација ќе се врши по пат на јавно и транспарентно објавување на сите предлози на закони, кои ќе бидат предмет на јавна расправа.

## 1.3 НЕЗАВИСНО СУДСТВО

- Создавање на механизми за контрола на работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители со цел да се обезбеди независност и непристрасност во судството;
- Отстанување на влијанието на Министерот за правда врз Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;

- Зајакнување на транспарентноста во работата на Судскиот совет и советот на Јавни обвинители;
- Воведување на систем на заслуги при вработување на судии и јавни обвинители.

## 1.4 ДОСТОИНСТВО ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ ДОМОВИ

- Воведување на соодветен систем за управување со затворите;
- Неопходно е да се овозможат похумани услови за живот на осудените лица преку комплетно реновирање на затворите;
- Воведување на повисоки стандарди во затворите со обезбедување на потребни ресурси;
- Подобрување на работните услови на вработените во казнено поправните установи;
- Комплетно подобрување на нивните работни услови, одржување на специјални курсеви за нивна обука за постапување со лицата кои се на издржување затворска казна, како и зголемување на нивната безбедност.

## 1.5 КОНТРОЛА НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ПРАВА

- ***Ограничување на дискреционите права*** на Владата на Република Македонија;
- ***Спречување на сите директни спогодби*** зад затворени врати меѓу Владата и трговските партнери, без разлика на големината и брендот кој истите го застапуваат. Транспарентноста и јавноста се единствен начин за спречување на корупција од највисок ранг.
- **Ограничување на дискреционите права на министрите само на поголеми странски компании**. Постапките при тендерите, јавните набавки и вработувањата ќе бидат транспарентни;
- Со контролата на дискреционите права на Владата и на министрите ќе се намали корупцијата во Република Македонија.

# 2. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

НСДП, цврсто решена радикално да раскине со старата практика во решавањето на највиталните општествени прашања, најенергично ќе пристапи во разрешувањето и на социјалните прашања и ќе води сосема нова социјална политика. Приоритетно значење ќе има решавањето на проблемот на невработеност и искоренувањето на сиромаштијата. НСДП не може да ја прифати политиката дека наследените социјални проблеми можат да се надминат само со пасивна редистрибуција на доходот како начин за стеснување на разликите и на нерамномерностите во распределбата, туку со отворање нови работни места и со оспособување или преквалификација на невработените и на сите лица кои бараат работа со кое може да се постигне нивно продуктивно ангажирање во процесот на трудот, подобрување на условите за образование, исхрана, здравје, домување, социјална сигурност и слично.

Социјалдемократските идеи се темелат врз основната потреба на човекот за социјална праведност и социјална сигурност што подразбира достоинствен живот во една држава. Градење на хумано општество засновано врз слобода, социјална праведност и солидарност е една од поважните стратешки определби на политиката, која се отсликува и во Програмата и во Изборната платформа на Нова социјалдемократската партија (НСДП).

***Како програмска определба за подобрување и развој на социјалното осигурување заложбите на НСДП се насочени кон развој и подобрување на:***

***2.1. Пензискиот систем;***
***2.2. Социјалната заштита;***
***2.3. Превенција на малолетничкиот криминал***
***2.4. Работните односи и пазарот на труд;***
***2.5. Мотивирање на соработката со невладиниот сектор.***

## 2.1. ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ

Социјалната сигурност е уставна категорија, а пензискиот систем е негова најзначајна компонента која постојано бара грижа, посветеност и развој. Последните години пензискиот систем ги доживеа најдлабоките реформски зафати со воспоставување на тристолбен пензиски систем за да се обезбеди негова долгорочна стабилност и финансиска одржливост, како и сигурност и праведност за сегашните и идните генерации на пензионери.

***Нова социјалдемократака партија во наредните четири години ќе ги реализира следниве активности:***

- Измена на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување заради зголемување на делот на придонесите за пензиско осигурување што се издвојува за вториот столб со цел обезбедување на адекватна пензија на лицата кои се вклучени во ова осигурување. Овие измени се потребни заради заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, особено за тие што доброволно се вкључиле да се осигуруваат и во вториот пензиски столб. На овој начин ќе се обезбедат повеќе приходи на индивидуалните сметки на членовите во приватните фондови (претежно млади луѓе), а со тоа како краен ефект ќе имаат адекватни пензии во времето кога ќе се пензионираат;
- Подготовка и донесување на Закон за исплата на пензии од капитално финансираното пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања и сл.). Со овој закон, како последен од пакетот на потрбните закони, а кој сеуште не е донесен, ќе се заокружи законската рамка со сите закони за реформираниот повеќестолбен пензиски систем. Едновремено, овој закон е неопходен и треба што поскоро да се донесе поради појавата на првите пензионери од капитално финансирано пензиско осигурување (втор и трет столб) и потребата од детално уредување на исплатата на нивните пензии;
- Ќе се посвети внимание на јакнење на капацитетот на институционална инфраструктура во ова осигурување, а особено на супервизорското и регулаторно тело (МАПАС) за постигнување на максимална самостојност и независност од политички влијанија. До сега во праксата се покажа дека влијанието и зависноста од Владата во работењето на оваа институција доведе до дисконтинуитет, особено како последица на пост изборни промени на органи-

те на раководење и управување. Целосна независна позиција на Агенцијата за супервизија на КФПО експлицитно е побарана и во неколку ЕУ Извештаи за прогресот во исполнување на барањата на Европската Комисија;

- Воведување на нови и поголеми даночни олеснувања во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб). Со ова се очекува поголемо мотивирање и влез во ова осигурување од страна на индивидуални лица, а уште повеќе од страна на работодавците за обезбедување на професионални пензиски шеми за своите вработеи;
- Воспоставување на категорија на социјална пензија за лица постари од 65 години кои немаат доволно пензиски стаж заради обезбедување на неопходна материјална сигурност за животот во старите денови. Оваа новина нема да предизвика значително оптоварување на Буџетот на Република Македонија затоа што поголем дел од овие луѓе веќе се корисници на социјална помош;
- Воспоставување на категорија на предвремено остварување на право на пензија како можност за користење на ова право со соодветно намален процент, актуарски пресметан, во зависност од стажот, при определување на пензијата; Со ова решение се пружа шанса на избор на оние лица кои пред да ги исполнат условите за пензија од било какви причини се одлучат да се пензионираат;
- Подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, со што ќе се зголеми најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси од 50% на 60% од просечната плата во РМ. Ова значи дека кај идните пензионери ќе се зголеми износот на пензиите, а со тоа ќе се подобри сегашниот сооднос (49.1%) помеѓу просечната плата и просечната пензија. Долгорочно гледано со оваа мерка ќе се намали создавањето на зголемен број на корисници на минимална пензија, а од друга страна подобар приход во пензионерските денови. Едновремено сето ова води и кон системска придобивка на долг рок поради помала доплата од Буџетот на РМ до минималната пензија која е гарантирана од државата;
- Преку измена на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се обезбеди вклучување на претставници од Здруженијата на пензионерите во органите на управување на ФПИОМ. На овој начин пензионерите ќе имаат законско право во работата на Управ-

ниот Одбор со право на глас, а со тоа и активна партиципација во носењето на одлуки кои се однесуваат на пензискиот систем;

- Изградба на пензионерски домови за живеење со комбинирано финансирање од страна на ФПИОМ, Владата на РМ и локалната самоуправа. Домовите ќе бидат лоцирани освен во Скопје и во внатрешноста на државата. Проширувањето на овие капацитети ќе помогне во ублажување на долгите чекања кај пензионерите да се стекнат со претстој во постоечките домови, каде што се чека со години, па дури и многумина не ја доживеале таа можност поради смрт;
- Обезбедување на бесплатен јавен градски превоз за пензионерите во секое времесо финансирање од страна на Градот Скопје, Здружението на пензионери, Владата и Јавното претпријатие за градски превоз. Во ова може да се вклучи и приватниот градски превоз по моделот на јавно- приватно партнерство. Со ова решение покрај финасиско олеснување на пензионерите, ќе се постигне и нивна поголема и полесна мобилност, како и ќе се придонесе во олеснување на оптоварениот јавен градски превоз и избегнување на метежот кој го создава досегашната пракса само неделно двапати користење на бесплатен јавен превоз;
- Склучување на билатерални договори за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и земјите од регионот, Европа и прекуокеанските земји со кои сѐ уште не се воспоставени договорни односи за социјалните прашања. Со овие договори ќе се овозможи остварување на право од социјалното осигурување на лица кои претстојуваат во тие држави и обратно (пензиски стаж, здравствено осигурување и други надоместоци).

## 2.2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

***Во рамките на својата политика НСДП ќе стави акцент на социјалната заштита особено за ранливите категории на граѓани како што се старите лица, лицата со посебни потреби, децата со развојни проблеми и посебни потреби, самохраните мајки, децата без родители и родителска грижа. Грижата за спomенатите ранливи групи НСДП ќе ја спроведува преку:***

- Редефинирање на терминот „домаќинство“ во „семејство“ кој се користи при постапката за добивање на социјална помош и помош

за нега на туѓо лице. Со земањето на приходите на „семејството" како критериум за добивање на таа помош се стеснува цензусот што едновремено влијае на зголемување на износот на социјална помош;

- Зајакнување на капацитетите на инспекторатот над социјалните примања во смисла на обука и финансирање, заради обезбедување поголема контрола во процесот на доделување на социјалните надоместоци. Поточно ова ќе ги редуцира манипулациите поврзани со правото на социјална помош, односно ова право да го реализираат реално загрозените лица кои фактички имаат исполнето услови за тоа;
- Отварање на дневни центри за работна окупација и социјализација на возрасните инвалидни лица, лица со интелектуална попреченост и за лицата со комбинирани пречки;
- Имплементирање на сите обврски од страна на државата кои произлегуваат од мегународните документи кои се однесуваат на лицата со инвалидност;
- Усвојување на Конвенција за правата на лицата со посебни потреби од страна на Собранието на Република Македонија;
- Заради поуспешно и поефикасно решавање на напластените проблеми на лицата со инвалидност, НСДП ќе го донесе веќе изготвениот Закон за правата на лицата со инвалидност;
- Промовирање на вонинституционални форми на грижа и заштита за старите лица и на лицата со инвалидност – живеење со поддршка;
- Отварање на институции за третман на лица со аутизам и церебрална парализа;
- Создавање на услови за успешно и ефикасно вклучување на децата со развојни проблем и посебни потреби во предучилишните установи (адаптација на училници, трпезарии, рекреативни катчиња и санитарните чворови и комплетирање на стручните тимови со дефектолози);
- Нови стандарди во градинките кои ќе овозможат помал број на децата во воспитните групи;
- Посебниот доаток како форма на вонинституционална заштита ќе се исплаќа во висина од 33% од просечната плата од последните три месеци од претходната година;
- Помош за опрема на новороденче во форма на паричен износ ке важи за секое новородено дете (не само за прво родено) во висина од 33% од просечната плата од последните три месеци од претходната година;

- Донесување на нова Програма за социјална здравствена заштита на возрасни лица под мотото: ***„Да се додадат години на живот и да се додаде квалитет на годините на живот“.***

## 2.3. ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Доколу сакаме ефикасност во сузбивањето на престапничкото однесување превземените мерки и активности од страна на инситуциите не треба да бидат насочени само во фокус на престапот туку и на малолетното лице, оштетената личност или пак заедницата во зависност од тоа дали стореното дело било насочено кон поединец или општествената заедница.

***НСДП ќе изготви модели и механизми за практично имплементирање на превенцијата на малолетничкиот криминалитет со сузбивањето на разните облици на престапничко однесување, а ќе го реализира преку следните мерки и активности:***

- Организирана помош на децата и младите кои растат и се развиваат во социјално загрозени семејства како би се обезбедиле нивните примарни потреби;
- Рано откривање на психички и општествено непрлагодените деца и млади како и на ситуациите, факторите и условите кои можат да имаат криминогено влијание врз нивната личност;
- Обезбедување на услови за дневен или продолжен престој во што поголем број на училишта;
- Поголема партиципација на државата во трошоците за дневен и продолжен престој во училиштата;
- Помош на училиштата во дизајнирање на посебни индивидуални содржини во третманот на децата и младите кои манифестираат неприфатливо општествено однесување во училиштата;
- Центрите за социјална работа во соработка со училиштата, дисциплинските центри плански и систематски да го организираат слободното време на децата и младите кои живеат во ризични семејства;
- Формирање на служби за експлорација и дијагностика во рамките на правосудните органи (во кои би работеле различни образовни профили: социјални педагози, детски психолози, психијатри за деца и млади и др.) заради подетално запознавање на судиите со био-

психо-социјалните карактеристики на малолетните лица кои дошле во судир со законот;

- Формирање на единствен информациски систем за собирање на релевантните информации кои се однесуваат на малолетничката делинквенција;
- Доследно да се применува принципот на индивидуализација во изборот и одмерувањето на казната;
- Да се зголеми експедитивноста на судовите во решавањето на предметите кај малолетните престапници т.е. временскиот интервал од пријавувањето до донесувањето на пресудата да биде колку што е можно пократок;
- Дизајнирање на индивидуален план во третманот на ресоцијализација за секое осудено малолетно лице;
- Пенитерсиерните установи да обезбедат услови за поголем број на занимања за стручно оспособување на осудените малолетници кои издржуват казна затвор или заводска мерка;
- Кадровска екипираност и мулидисциплинарен пристап на институциите кои се занимаваат со дијагностика, опсервација и третман на децата и младите со пореметувања во однесувањето;
- Примена и развивање на полуинституционален и вонинституционални облици на заштита и третман како главна ориентација на активностите за спречување и сузбивање на делинквентното однесување;
- Формирање на посебни стручни тела, органи или одбори за заштита и пружење на помош во поспеналната фаза на ресоцијализацијата;
- Континуирано следење и помагање на децата и младите после излегувањето од установата се до нивното успешното вклучување во општествената средина;
- Континуирано усовршување на судиите и јавните обвинители кои работат со малолетни престапници;
- Бенифиции за работодавчите при вработување на малолетните лица на кои им е изречена заводска мерка или малолетнички затвор;
- **Отварање на институција *Детски омбудсман* кој бескомпромисно ќе укажува на пропустите, незаконитоста и неодговорното постапување на конкретни органи, служби и установи при релизирање на нивните законски должности и овластувања во сузбивањето на малолетничката делинквенција;**
- Поголема транспарентност и соработка на институциите кои се занимаваат со престапничко однесување кај децата и младите;

- Категоризирање и евидентирање на оние деца и млади со пореметувања во однесувањето кои имаат потреба од: специјално воспитание, специјално образование и специјално оспособување за живот и работа;
- Отварање на мултидисциплинарни студии за превенција и третман на лицата со пореметувања во однесувањето.

## 2.4. РАБОТНИ ОДНОСИ И ПАЗАР НА ТРУД

Во наредните години НСДП ќе продолжи да работи на унапредување на работните односи и усогласување со европските стандарди и ќе се залага за создавање на пофлексибилен пазар на труд, отварање на нови работни места, зголемување на конкурентноста, намалување на нормативноста и афирмирање на слободата и внесување на партнерски односи при договарање за вработување. Ќе се залагаме за сузбивање на дискриминација од било кој вид во областа на работните односи и вработувањето и секогаш ќе бидеме за заштита на правата на работниците и на трудот, што во изминативе 4 години не беше случај.

***Тоа ќе се реализира преку:***

- Донесување на Закон за минимална плата. Висината на минималната плата при носењето на законот ќе се утврди во договор помеѓу социјалните партнери;
- Воспоставување на здрава соработка и социјален дијалог меѓу трипартните социјални партнери (Владата на Република Македонија, Синдикатот и Стопанските комори) за сите прашања од областа на работното и законодавство за социјалното осигурување;
- Воспоставување на суд надлежен за водење на спорови од работни односи или специјализирани одделенија во постојните судови издвоени од другите постапки што е во согласност со барањата на ЕУ законодавството. Овие спорови би се решавале поефикасно бидејќи се работи за материјално-егзистенцијални права поврзани со плати, придонеси, престанок на работен однос, прераспоредување и слично.

## 2.5. МОТИВАЦИЈА НА СОРАБОТКАТА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

Во водењето на својата идна политика НСДП ќе посвети поголемо значење на невладиниот сектор како партнер на Владата во остварување на заеднички проекти од јавен интерес за потребите на граѓаните на Република Македонија. Социјалната сфера покрај грижата од страна на државата може сериозно да биде подобрена со помош од странана невладините организации и нивно координирање со Владината и социјалната програма, со можност за заеднички настап и аплицирање за користење средства на фондовите на ЕУ.

# 3. ЗДРАВСТВО

Активностите на Нова социјалдемократска партија во областа на здравството се базираат врз фактот дека здравјето има посебна вредност за поединецот и заедницата во целост и претставува предуслов за успешен економски и социјален развој на Република Македонија.Согласно уставната определба дека Република Македонија е социјална држава, а во согласност и со основните начела на Светската здравствена организација, како и со идеологијата на НСДП, заложбите во организацијата и реформите во здравствениот систем се базираат врз правичност, заемност, рамноправност, транспарентност и солидарност.

Во својата изборна програма од 2006 година „Силно и Чесно“, НСДП предупреди дека во изминатиот период повеќе стратешки документи се изготвени во здравствениот систем во државата, но на несоодветен начин и, пред се, апсолутно неприменливи во секојдневниот живот. За жал и поккрај нашите предупредувања, понудени решенија и спротиставување , ваквите тенденции продолжуваат, затоа денес имаме само 1% задоволно население, од постоечкиот здравстен систем, а здравствените работници својата перспектива ја барат во приватниот сектор. Јавните здравствени установи се физички и финансиски руинирани, а Фондот за здравство е пред банкрот и не може да ги исполнува своите обврски.

Тенденциите за уништување на јавните здравствени установи на сметка на приватните услуги, посебно се изострени во последно вре-

ме. Поради тоа НСДП ќе направи нешто што досега,ниту една Влада не го направила од самиот почеток на својот мандат ќе ги вклучи и активно ќе соработува со сите релевантни фактори во процесот на модерна ревизија на овие и изготвување на нови документи под мотото ***„Здравје за сите, поздраво население поздрава држава“,*** процес што ќе биде ослободен од тесно партиски интереси, базиран врз стручност, професионалност и ефикасност.

Веднаш ќе биде извршена трансформација на организацијата на здравствениот систем и досегашното наследено социјалистичко општествено уредување во здравството ќе биде заменето со принципите на пазарна економија која е сегашна основа на уредување на државата. Поради специфичната вредност на здравјето државата ќе биде вклучена како медијатор меѓу давателите на услуги и купувачите на услугите.

***Основните принципи на пазарната економија во здравството се темелат врз следниве основи:***

- Услугите се точно специфицирани по принципот на „клинички патеки“;
- Секоја услуга има утврдена пазарна вредност која носи контролиран профит и овозможува одржлив економски развој на ЈЗУ;
- Фондот купува услуги за своите осигуреници согласно своите економски можности со јасно утврден основен пакет на услуги, согласно економските принципи;
- Државата преку своите социјални пакети купува услуги за социјално загрозените популации и услуги согласно програмите за специфичните заболувања;
- Задолжителното здравствено осигурување останува како такво, ќе се користи на принципите на солидарнот и еднаквост во однос на гаранираниот основен пакет на услуги. Ќе се воведе дополнително здравствено осигурување за услугите надвор од гаранираниот пакет на услуги.

Веднаш со трансформацијата на уредувањето во здравствениот систем ќе биде изготвен оперативен план за итна имплементација на акутните - краткорочни **приоритети** кои ќе доведат до ревитализација на агоничниот здравствен систем и што е најважно до враќање на довербата на населението во него. НСДП во новата стратегија ќе понуди и ќе инсистира на партнерство и одговорност на сите членови во здравствениот „синџир“: поединецот, вработените во сите форми на здрав-

ствениот систем, локалната самоуправа, Фондовите за здравствено осигурување, а посебно Владата и ресорните министерства.

***Главни цели на стратегијата - Подобро здравје за сите:***

- ★ Здравјето на населението е во центарот на здравствената стратегија;
- ★ Превентивните мерки за добро здравје и здраво живеење ќе се интензивираат, а посебно сите форми на промоција и подигнување на свеста за здравјето;
- ★ Превентивните мерки за болестите и состојбите кои се водечки причини за смртност во Македонија ќе бидат во фокусот на посебен интерес;
- ★ Здравствените нееднаквости ќе се редуцираат;
- ★ Здравствено вулнерабилните групи на населението и болестите со високо јавно здравствено значење ќе бидат во фокусот на посебен интерес;
- ★ Отварање на нови центри во внатрешноста за следење на функционалниот раст и развој на ризично родените деца;

***Слободен пристап:***

- ★ Компетентноста на здравствените установи и единици за здравствена заштита јасно ќе се дефинираат (простор, опрема, кадар и услуги);
- ★ Ќе се проценува компетентноста на здравствената мрежа и истата ќе се проширува; (приоритети регионални центри);
- ★ Еднаков пристап за сите категории пациенти во здравствениот систем;
- ★ Континуирано,одговорно и адекватно здравствено згрижување;
- ★ Пациентот ќе биде во центарот на планирањето на здравствената заштита;
- ★ Адекватно згрижување на адекватно место; ревитализација на ситемот за згрижување на ургентно болни и повредени согласно принципот на „златен час“;
- ★ Здравствен систем со капацитет за навремена и адекватна услуга;
- ★ Воведување нови дијагностички и тераписки постапки.

***Врвна функционалност:***

- Стандардизиран здравствен систем кој обезбедува оптимална грижа и безбедност за пациентот; На врвот на здравствената пирамида ќе се ревитализира Универзитетскиот клинички центар;
- Стандардизиран информациски систем кој обезбедува контрола на функционирањето на здравствениот систем и овозможува натамошно планирање и усовршување;
- Функционална поврзаност со други центри во регионот за третман на специфични групи пациенти од кои Фондот за здравствено осигурување ќе купува услуги за своите осигуреници.

***НСДП за исполнување на своите стратешки цели ќе се фокусира на превентивните мерки и едукацијата на:***

***Поединецот***

- Едуцираност за значењето на здравјето и здравиот начин на живеење;
- Едуцираност за превентивните мерки за зачувување и унапредување на неговото здравје, здравјето на неговото семејство и останатите, како и на неговите обврски кон истите;
- Запознаеност со сите права и обврски во здравствениот систем.

***Вработените во сите облици на здравствен систем, како и на придружните институции во здравствениот систем:***

- Континуирана едукација и акредитација како составен дел на работната обврска;
- Постојана внатрешна и надворешна контрола;
- Наградување според резултатите од работата;
- Услови за нормално живеење од резултатите на својата редовна работа;
- Можност за истовремена работа во приватните и државните здравствени установи.

НСДП, како предуслов за успешно исполнување на поставените цели, на својата Програма ќе гарантира стручност, професионалност и ефикасност во работата во сите сегменти. Работата ќе биде транспарентна, отворена за постојана контрола со цел да се обезбеди ***- ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ, ПОЗДРАВО НАСЕЛЕНИЕ - ПОЗДРАВА ДРЖАВА.***

# 4. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## 4.1 ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Новите законски решенија, наставните планови и програми со нова непроверена структура во последните години наметна создавање погрешен вредносен систем во образованието, што предизвика големи реакции кај наставниците. Уставниот Суд на Република Македонија укина одредени законски регулативи во однос на вреднувањето на учениците и наставниците.

Системот на вреднувањето на постигнувањата во образованието треба да се изгради врз сосема други основи со создавање **образовни стандарди** и примена на методологија која што е валидна со **минимизирање на субјективизмот** во образованието.

НСДП ќе изгради стратегија со научно заснована методологија за следење и вреднување на учениците во образованието, за да го постави врз здрави и објективни основи.

Од постоењето на образованието на Република Македонија до денес не е извршено **објективно вреднување на наставните планови и програми.**

- ★ НСДП е подготвена да ги растовари наставните планови и наставните програми (предмети) на научна основа со **вреднување** на секоја наставна програма, да подготви нови и применливи наставни програми со применлива структура, да ги стандардизира, инструментите за мерење на постигнувањата, знаењата и способностите на учениците без создавање стресни состојби во училиштата, кај наставниот кадар и родителите;
- ★ НСДП ќе отвори процес за воведување **современа образовна технологија** со која ќе се надмине досегашната стереотипна работа во училиштата, каде што ученикот се уште е објект во наставата;
- ★ Врз основа на анализите и научната студија што НСДП ќе ја спроведе за вреднување на наставните планови и програми ќе се имплементира нов **рационален модел за подготовка и планирање** на наставата на наставниците.

**Децентрализацијата во образованието** речиси целосно затаи. За многу активности кои и припаѓаат на локалната власт и средина одлучува централната власт.

НСДП во својата Програма предвидува посебни активности со кои ќе овозможи активностите од образованието кои и припаѓаат на локалната самоуправа, да ги преземе во целина, (ќе спроведе релна децентрализација која е својствена на демократските општества). Тоа ќе овозможи училиштата и родителите да учествуваат во реализацијата на Годишните програми, за сменската работа, за квалитетот на наставата и слично;

**Учебникарството** наместо да се развива врз основа на пазарната економија, тоа се политизира и ценрализира. НСДП ќе го развие учебникарството врз основа на современите тенденции, со создавање услови за конкуренција и квалитет меѓу авторите;

Воведено е **деветгодишно основно образование** со лоша концепција, наставата ја изведуваат несоодветни наставници без адекватно образование. НСДП согледувајќи ја оваа аномалија, ќе пристапи кон нужна **реформа на наставничките факултети, особено на педагошките** каде што треба да се изменат наставните планови и програми според деветгодишното основно образование и да се подготвуваат кадри според потребите на новата структура на деветгодишното основно образование (3+3+3);

Во **средното образование** НСДП посебно внимание ќе посвети во **стандардизација на наставните планови и програми кои сега се субјективно и нестручно изведени** и ќе овозможи услови за **стандардизација на тестовите за матура (интерна и екстерна) и на завршниот испит.**

Во **стручното образование** НСДП ќе ги ревидира и растовари наставните планови и програми, ќе ги сведе на реални основи за учениците да се стекнуваат не само со едно, туку со две и три занимања, што е современа опција на образованието во Европа. Така, учениците ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот со повеќе занимања (повеќе знаење, способности и компетенции);

**Деполитизација во образованието** е значајна програмска задача на НСДП. Имено, влијанието на политиката во образованието се смета за најнегативната компонента во една држава. Тоа бара реформа и престројување на одредени институции во состав на Министерството за образование и наука. НСДП ќе ја анулира досегашната тенденција политиката да се меша во стручната и научната работа и да наметнува свои анемични и неприменливи решенија во образованието.

## 4.2. НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

***НСДП се залага за:***

- **Поврзување на формалното со неформалното образование и информалното и нивна валидација и признавање при барањето за работа, особено за младите кои стекнале некакви знаења и вештини во невладини организации;**
- Особено внимание ќе се посвети на **обуки, преквалификација и доквалификација** на повозрасните (40-60 години) кои останале без работа и бараат нова. Нив ќе им се даде шанса да бидат во тек со современите трендови и промени на пазарот. Соодветно на тоа е потребно во функција да бидат и Работничките универзитети.

## 4.3. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Сегашната власт изврши **упад во автономијата** на Универзитетите од секаков вид (кадровски, наставно-научен, финансиски). Со кампањата – „образование достапно за сите“, изврши дисперзија на студиски програми и отварање на факултети во секое населено место без да се води сметка за кадровскиот потенцијал и квалитетот на наставата. Под мотото – „знаењето е сила, знаењето е моќ“ вештачки го одлага барањето работа на завршените средношколци и го намалува бројот на оние кои бараат работа, со нивно запишување по секоја цена на факултет, без да се испита потребата на пазарот на трудот.

***НСДП ќе направи план за:***

- **Враќање на автономијата на универзитетите** и дигнитетот на професијата универзитетски професор;
- **Преиспитување на економската оправданост** на одделни дисперзирани студиски програми;
- **Испитување на пазарот на трудот** за потребата од кадар и соодветно на тоа и зголемување или намалување на квотите за запишување во одделни струки;
- **Ставање во функција на Советот заразвој и финансирање на Високото образование** и изработка на Правилник за мерила и критериуми за финансирање на јавни студиски програми;

- **Укинување на партиципацијата** за студентите кои ќе се запишат на таканречените „дефицитарни факултети“;
- **Воведување специјални стипендии за запишување на таканречените неатрактивни, а дефицитарни факултети;**
- Подобрување на условите во Студентските домови;
- Подобрување на условите за on-line студирање;
- Воведување на **скалести стипендии** за најдобрите студенти;
- Развивање на **Национална стратегија** и Акционен план за вработување на талентираните студенти со просек од и над 9.0;
- Создавање услови за **развивање сопствени бизниси** по завршувањето на факултетот;
- Инвестирање во лабораториите на факултетите и формирање на таканречени **„центри за извонредност“;**
- Доследна имплементација на Болоњскиот процес и во делот на вториот и третиот циклус на студии.

## 4.4. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

### 4.4.1 ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Инвестирањето во сопствениот творечки потенцијал е најекономично и најрентабилно решение за општествениот развој на секоја земја.

НСДП за надарените и талентираните ученици ќе обезбеди образовна поддршка во согласност со нивните интелектуални, социјални и емоционални потреби. НСДП ќе спроведува и посебна стратегија за надарените и талентирани ученици.

Бидејќи во Република Македонија работата со надарените ученици не е во фокусот на воспитно-образовниот процес, потребата за доедукација на наставниот кадар во оваа област се наметнува како нужност во услови на брзи општествено-политички и економски промени.

***Работата со надарените и талентираните ученици е долготраен процес кој започнува со нивната првична идентификација, а продолжува со процесна дијагностика, едукативен третман и следење на напредокот во различни развојни фази. Сите тие активности бараат дополнителни финансиски средства од државата.***

Досега кај нас, освен декларативна поддршка, не постои национална стратегија за развој и едукативен третман за надарените и талентираните ученици.

***НСДП ќе води образовна политика која ќе обезбеди:***

- ★ поголема грижа за сопствените потенцијали како основа за општествениот прогрес и техничко-технолошкиот развој;
- ★ подобро школување на надарените ученици со што ќе се влијае врз економичноста на образованието;
- ★ целосен развој на личноста на ученикот;
- ★ валидна селекција на корисниците на стипендии за талентирани ученици;
- ★ правилна професионална ориентација на надарените ученици.

Долгорочно, со ваквата политика во образовниот систем НСДП ќе го намали одливот на умови (braindrain) - појава со која Република Македонија континуирано се соочува.

## 4.4.2 УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Образованието е вистинскиот и единствениот пат за вклучување на лицата со посебни потреби во сите свери на општественото живеење.

Преку образованието лицата со посебни потреби стекнуваат нови знаења, развиваат вештини и способности за решавање на секојдневните животни проблеми, критичко мислење, инвентивност, креативност и сл.

Како партија лево од центарот НСДП ќе спроведува образовна полтика која нуди системски решенија за еднакви можности и достапност на образованието за сите ранливи категории на граѓани.

***НСДП ќе ги имплементира во пракса обврските од Уставот, законската регулатива и мегународните документи кои се однесуваат на социјалната интеграција на лицата со посебни потреби:***

- ★ Еднакви можности и достапност на образованието за ова категорија на граѓани.
- ★ Воведување на стандарди и нормативи за успешно и ефикасно инклузивно образование на децата со развојни проблеми и посебни образовни потреби (модел на инклузивно училиште и/или ставање на ПОУ во функција на ресурсни центри.

- ★ Опремување на училиштата со асистивна технологија со цел обезбедување на мултисензорна презентација во наставата.
- ★ Превод на што поголем број на книги на браево писмо и формирање на национална библиотека за слепи и слабовидни лица.
- ★ Издавање на неделно списание за слепите и слабовидните лица кои не го користат видното писмо. Списанието ќе опфаќа: економска рубрика, здравство, образование, култура, социјална политика и др.
- ★ Формирање насоки за нови занимања со што би се зголемило учеството на лицата со хендикеп на пазарот на трудот.

## 5. КУЛТУРА

***Основниот акцент на НСДП на овој план ќе биде прифаќање на културата како на континуиран процес кој ќе се гради во неколку темелни принципи:***

- ★ достапност (остварување на сите права на сите граѓани и настојување публикацијата да се издигне до креативен субјект на културно и уметничко создавање);
- ★ разновидност – односно негување на богатството од различности на културниот идентитет на Република Македонија, како и ублажување на неповолните тенденции кои ја загрозуваат оригиналната култура на националниот идентитет;
- ★ отвореност и комуникација - како темелни принципи на културниот систем. Република Македонија треба да гради таква Национална културна програма со која ќе го надградува својот идентитет. Истовремено таа ќе настојува да учествува и во културната размена во светот и да води активна меѓународна културна политика. Притоа посебен приоритет е грижата за културниот развој на македонското малцинство во соседните земји и за нашите сонародници во дијаспората.

***Целите на НСДП на културен план се:***

- ★ Децентрализација на културата со посебен акцент на културниот живот во општината, од кого основано се очекува да биде побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен;
- ★ Искористување на културата како ресор за развој на општината, со што се надминуваат сфаќањата на културата како општествена потрошувачка. Признаена од УНЕСКО и од Советот на Европа таа добива нова димензија, како орудие за развој од што го подобрува квалитетот на животот;
- ★ Заштита на културното наследство и поттикнување на современото творештво, со посебен акцент на културното творештво на младите;
- ★ Подобрување на менаџментот во културата – стратегија за згуснување на мрежата на културните установи и концентрација на финансиските средства со почитување на приоритетите. Обезбедување вон буџетски извори на финансирање (меѓународни фондови за поддржување на културниот развој – УНЕСКО, Советот на Европа, странски и домашни компании кои создаваат светски бренд: меѓународни фондации кои финансираат културни проекти, спонзорства);

НСДП континуирано ќе поддржува културен проект со естетска и уметничка содржина на високо ниво.

Менаџментот на културните институции ќе го ослободиме од партиски подобни и послушни луѓе. Предност ќе добијат способни и уметнички надарени луѓе.

Ќе изготвуваме посебна програма на приоритети за културните збиднувања за наредниот период во Република Македонија и претставување на нашата култура во странство.

## 5.1 ВЕРАТА И СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА

НСДП ќе ги гарантира правата и слободите на граѓаните и со Закон ќе ги заштити правата на сите поединци, без разлика дали тие се теисти, атеисти или нетеистички верници. За нас, сите верски заедници и религозни групи имаат еднаков официјален статус, во рамки на раздвоените функции на Држав ата и религијата.

Енергично ќе се бориме против врските помеѓу религијата, политиката и национализмот.

Заштитата на поединците од акти на верска нетолеранција и дискриминација, ја сваќаме како наша обврска. Граѓанското општество може најмногу да допринесе во однос на афирмирањето на слободата на вероисповед и убедување како предуслов за создавање атмосфера на општествена хармонија и взаемна доверба меѓупочит меѓу припадници на различни заедници, вклучувајќи ги теистите и атеистите.

НСДП, преку разни форми на делување ќе работи на создавање клима на верска толеранција, убедени во важноста на правата на слобода на вероисповед или убедување во сите свои димензии, вклучително и квалитетно образование. Владеењето на правото и функционриањето на демократските иснтитуции се предуслов за високиот дијалог и разбирање.

# 6. ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## 6.1 ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА – ШАНСА ЗА РАЗВОЈ

Република Македонија согласно традицијата и поволните климатско почвени услови претставува земја со извонредни можности за успешно производство на земјоделски производи и нивни преработки. Сепак, недоволното внимание од страна на државата, неангажирањето на стручен и енергичен кадар и недостатокот на вистинска стратегија за развој на земјоделството доведе до стагнација на земјоделското производство. Самата структура на бруто домашниот производ говори дека, Македонија станува земја на услуги наместо производство, а најголем удел во вкупната економска активност имаат финансискиот сектор и јавниот сектор (според извештајот на Европската комисија за напредокот на државата во 2010 година). Финансискиот сектор е со највисока стапка на раст - 20% од БДП, на второ место е јавниот сектор која достигна 19% од БДП, додека секторот за земјоделие и производство на храна и натаму опаѓа и изнесува 17% од БДП. Податокот е фрапантен ако се знае дека актуелната влада издвои стотици милиони евра за субвенции на земјоделството. Ако Владата, толку многу вложува во овој сектор, основното прашање е зошто нема развој на земјоделското производ-

ство во Македонија. Уште пострашен е податокот што за 13 - годишното владеење на ВМРО-ДПМНЕ за 122.000 хектари или 19% се намалиле површините со обработливо земјоделско земјиште. Земјоделството е сеуште на ниско ниво. Од досегашните резултати можеме да заклучиме дека субвенциите се делат како социјална помош и немаат никаков развоен елемент. Во земјоделството нема стратешки инвестиции и нема модернизација на производството. Индивидуалните земјоделци се доведени во положба каква што била во феудализмот – откупот се врши по непазарни цени, без остварување на профит.

Доста е со лажните ветувања кои не нудат никакви решенија за излез од бедата во која се наоѓа македонското земјоделство. Доста е со манипулациите и социјалната помош која се дава на земјоделците.

Потребна е целосна реформа, потребна е нова земјоделска политика, потребно е да се делува.

Земјоделците заслужуваат многу повеќе.

Време е тие да добијат вреднувана заработка за нивниот вложен труд.

Поради сето ова НСДП изготви програма со конкретни мерки со кои ќе се помогне развојот на македонското земјоделство.

***Ние ќе го направиме земјоделството да биде индустрија.***
***Ние ќе ја направиме Македонија место за земјоделски бизнис.***

Земјоделството ќе биде главна стратешка стопанска област. Новиот пристап кон земјоделството ќе биде дека тоа е бизнис на долгорочен рок, а не социјално преживување на кратки патеки.

***Кога земјоделецот ќе биде богат и државата ќе биде богата.***
***За тоа да биде така државата може и мора да им помогне на македонските земјоделци.***

***НСДП ќе го стори тоа.***

### 6.1.1 СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ

Ќе изготвиме долгорочна државна Стратегија за развој на земјоделството, стратешка поделба на македонските земјоделски производи и План и Програма како да се насочат земјоделците што да произведуваат и како да им се помогне во тоа.

***Активности кои ќе се превземат:***

**1.** Целосно аерофотограметриско снимање и катастарско евидентирање на земјиштето, за да се види колку точно и со каков квалитет земјиште имаме на располагање и обработување. Потоа да се направи целосна рекатегоризација на земјиштето по класи, по состав на почвата, мерење на сончевите денови, воден потенцијал и услови за наводнување, климатските услови и слично.

**2.** Изготовка на педолошка карта за составот на земјиштето, без која не може да се направи стратегија за развој на земјоделството. Без неа нема релевантна информација за тоа со каков земјишен фонд располагаме. Тоа го има цела Европа, само Македонија нема. Педолошката карта ќе обезбеди подобро планирање на севкупниот економски развој на Македонија. Ќе имаме јасна слика за руралниот развој, комасацијата, аронденцијата и за изработка на земјоделските основи за планирање, ѓубрење и сл.

**3.** Веднаш ќе направиме анализа за тоа колку и што ни е потребно нам, а што ќе продаваме на странските пазари согласно квалитетот на почвата, климатските услови и бараноста на производите на светските пазари, ќе направиме стратешка поделба на македонските земјоделските производи и ќе се определиме за 10 најрентабилни култури. Нашата шанса во земјоделството ја гледаме во давањето предност во Стратегијата на култури кои се извозно ориентирани и конкурентни на странскиот пазар, а што е поевтино како храна да го увезуваме од надвор.

**4.** Ќе подготвиме Програма за едукација на земјоделските производители како за модерните технолошки и производствени процеси во земјоделството, така и за најдоходовните и најбараните земјоделски производи за извоз. Фармерите треба да произведуваат култури кои се дефицитарни и се бараат на светските пазари.

**5.** Ќе подготвиме Програма за спречување на негативните ефекти од климатските промени во земјоделството, со конкретни насоки. На овој начин, особено ќе посветиме внимание на рационалното искористување на водата за наводнување и на модернизација на иригационите системи.

## 6.1.2 ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

Развиено земјоделство е највисок македонски приоритет. Најголем недостаток на македонското земјоделство е недоволна количина на произведени земјоделски производи и неможност за континуирано производство во текот на целата година.

***Нашиот приоритет ќе биде насочен кон три цели:***

***1. Осовременување на производството***

НСДП ќе поддржи политики на поттикнување на мали и средни претпријатија и претприемачи од областа на земјоделството кои ќе инвестираат, со воведување на нови технологии, во модернизација на производството во клучните сегменти кои ќе овозможат да имаме конкурентно и континуирано производство. Ќе дадеме целосна поддршка на преработувачката индустрија, поради постигнување повисок степен на обработка на суровинската база.

***2. Зголемување на производството***

Основната цел на нашата политика е преку директни и индиректни мерки да го зголемиме земјоделското производство и да се наметнеме како сериозен производител на квалитетна и безбедна храна во Европа.

***3. Промоција и извоз на македонските земјоделски производи***

По спроведување на првите два приоритета ќе ги имаме сите предуслови да бидеме навистина аграрна земја која има што да понуди на европските пазари, по што ќе следува и промоција на Македонија како земја производител на квалитетна храна. Државата преку своите инструменти ќе помогне преку едно или повеќе места во организираниот пласман на производите.

## 6.1.3 ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Земјоделците и селаните нема да ги третираме како социјална категорија, она што го прави актуелната влада.

***Наместо социјално земјоделство – развојно земјоделство, наместо сиромашни земјоделци, успешни земјоделци.***

Ќе се субвенционираат оние што вистински вложуваат во развој на земјоделието, а не партиски војници. Значи, ќе стимулираме земјоделци – производители.

Политиката на НСДП ќе биде насочена кон развојот на селото и на луѓето кои сакаат да се занимаваат со земјоделство како основно занимање. Ќе им создадеме услови од земјоделството да можат да заработат за квалитетен живот, а не да чекаат милост од владата.

Ќе воведеме мерки и инструменти за развој на задругарството што ќе се реализира врз основа на взаемен економски интерес.

Со помош на задругарството, земјоделските производители ќе можат да ги штитат своите интереси, да набавуват поевтини репроматеријали, да ги диктираат цените на своите производи и да не бидат уценувани и потценувани од трговците и преработувачите. На тој начин ќе има поголеми количини на производи за откуп и полесно договарање со откупувачите.

Сериозно внимание ќе посветиме на односот меѓу земјоделските производители, откупувачите и преработувачите, со цел да се надмине потценувањето на трудот на земјоделските производители. Притоа, со ефтини кредити и субвенции за извозното производство, ќе воспоставиме долгорочна соработка меѓу земјоделските производители и преработувачите. Во сегашни услови практично земјоделецот е кредитор на преработувачите и прекупците, а за тоа не наплаќа никаква камата, туку создавајќи загуба на тој начин станува се посиромашен.

***Ќе го помагаме зајакнувањето на организациите на земјоделците.***

### 6.1.4 РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Македонското земјоделство мора да се реформира со цел да биде конкурентно на странскиот пазар. За таа цел мора да се спроведат реформи.

***Мерки преку кои ќе се спроведат реформите:***

★ Ќе се справиме со проблемите на вишоците и недостатоците на земјоделските производи. Ќе формираме единствен компјутерски центар, преку кој земјоделските производители ќе имаат можност да најавуваат намери за производство на култури за наредната реколта. На тој начин ќе се има увид во количините и вишоците на земјоделските производи, минимум шест месеци однапред. На тој начин ќе се создадат можности претприемачите на време да склучат договор за извоз;

- Преку јавно-приватно партнерство, државата ќе направи неколку откупни пунктови, чии услуги посредниците (трговци со земјоделски производи) ќе ги користат по симболични цени, колку за одржување. Центрите ќе бидат модерно опремени со ладилници, калибратори и пакување, согласно светските стандарди;
- Ќе воведеме Интервентен фонд, како фактор на стабилизација на пазарот на најважните прехранбени производи. Државниот прехранбен фонд ќе има Совет од директори - орган на управување составен од производителите, извозниците и увозниците. Крајна негова цел би била – стабилни цени на основните прехранбени производи (брашно, шеќер, масло) и потребната количина храна да не потпаѓа под влијание на многубројни фактори;
- Државната политика ќе ја насочиме кон стимулирање на т.н. синџири на затворено производство на добиточна храна, месо, млеко и финални производи од нив;
- Ќе превземеме конкретни мерки на планот на окрупнување на земјоделското земјиште, со цел поефикасно и порационално искористување на земјоделската механизација (примена на механички прстени) и примена на современи агротехнички мерки што ќе доведе до зголемено и квалитетно земјоделско производство;
- Воведување на ефтино греење во оранжериското производство (воведување гасификација и системи за користење на геотермални води);
- Конкретни мерки ќе преземеме и во сферата на даночната политика со цел стимулирање на обработка на земјиштето во сопственост, во смисла оданочување на необработеното земјиште за да се има мотив сопственикот да го обработува или да го даде под закуп;
- Ќе предвидиме и можност за трајно користење или сопственост на земјиштето што сега се користи по основ на концесија;
- Ќе спроведеме правилно и планско доделување на земјоделското државно земјиште согласно законските прописи и ставање во ред на уситнувањето на земјоделското земјиште - површините може да се доделуваат на индивидуални лица, но обработката треба да биде колективна;
- Нов систем на распределба на субвенциите. Одредени култури ќе добијат поголеми субвенции од другите. Најмногу субвеници ќе издвоиме за производство на овошје, зеленчук, тутун и производство на трпезни сорти на грозје, јагнешкото месо, ситното обоено овошје и јаткастите култури. Ќе ги зголемиме субвенциите за: при-

носи над просечните; големите агрокомплекси (ЗИК); набавка на оранжерии и топленици; нови сорти; нови семиња кои даваат поголеми приноси; нови заштитни мрежи од град; системи капка по капка; враќање на производството на памук, афион, сончоглед, чај, зачини, круша, брусница, ароматични растенија (нпр. Лаванда) и други рентабилни традиционални и нетрадиционални производи (аспарагус и др.) ;

- Ќе доделиме субвенција на земјоделски здруженија за набавка на заеднички: објект, земјоделска механизација, ладилник, калибратор и др.; субвенција за изградба на нови фабрики за преработка на земјоделски производи; субвенција на извозот на конзервната индустрија; субвенција на репроматеријалот. Во првите 5 години бесплатно осеменување со квалитетен расплоден материјал од раси кои се ставени во стратегијата за развој во сточарското производство, во четири најзначајни производства, а во следните 5 години со 80 % субвенционирање, се со цел целосна промена на расниот состав во сточарството, како предуслов за зголемено производство;
- Пченицата како основна храна ќе добие приоритет пред останатите житни култури;
- За да не увезуваме говедско месо, повеќе субвенции ќе предвидиме за товење јуниња и одгледување на истите по системот крава-теле, за кои што во Македонија има одлични услови за развој, но не се доволно искористени, Во сферата на сточарството ќе подржуваме производство на месо, овчо и козјо млеко кои ги нема во доволна количина во Европа;
- Ќе стимулираме брендирање на традиционални производи (македонско јагне, македонско биено сирење итн.) и нивна маркетинг промоција во странство. Конкретно и директно ќе ја поддржуваме промоцијата на производите и освојувањето на нови пазари;
- Бесцарински увоз на дефицитарните земјоделски производи;
- Посебна финансиска помош за воведување на послебербена технологија;
- Ќе формираме Агенција за промоција и извоз на земјоделски производи;
- Создавање подобри услови за земјоделците за полесно користење на ИПАРД фондовите на ЕУ. Стимулација на купување на механизација со европски стандарди од типот на ЕУРО 2 мотори или други стандарди кои ги бара ИПАРД програмата;

- ★ Прогласување на еколошки незагадени реони, кои ќе бидат бази за еколошко органско производство;
- ★ Ќе работиме на заштита на постојниот и подигнување на нов шумски фонд;
- ★ Поттикнување и поддршка на дрвната индустрија преку промовирање и постојан развој на ефикасна и економски одржлива дрвна индустрија;
- ★ Постигнување бројна состојба на дивечот во ловиштата и развој на ловниот туризам;
- ★ Изградба на нови и обнова на постојните системи за наводнување;
- ★ Изградба на детална каналска мрежа;
- ★ Изградба на акумулациони езера за водоснабдување;
- ★ Да не се приватизираат водостопанските објекти, особено покрупните, кои најчесто се повеќенаменски објекти од посебен интерес;
- ★ Заштита на водите во реките и во езерата од загадување;
- ★ Промоција на производните системи кои ги интегрираат аспектите на заштита на почвата и водата;
- ★ Ќе работиме на активно вклучување на научните институции во развојните проекти и тимска работа и поврзаност меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и воостопанство, Факултетот за земјоделски науки и храна, Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството и искуствата од терен;
- ★ Инвестирање во човечки капацитети, наука и знаење, поддршка на давателите на советодавни услуги од страна на јавни и професионални институции и организации;
- ★ Активен Земјоделски кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ). Да се обезбеди кредити со 2 % годишно за примарно и 4 % за преработка и извоз на примарни земјоделски производи, со грејс период од 2 години.

НСДП се залага за нова земјоделска политика која подразбира нов приод кон земјоделското производство, а тоа е земјоделството како македонски бизнис.

***Македонија место за земјоделски бизнис.***

## 6.2 ШУМАРСТВО

Вкупната површина под шуми во Република Македонија изнесува 947.653 хектари. Во државна сопственост се 90,14% од вкупната површина под шума, додека приватните шуми зафаќаат 9,86%.

Шумарството во Република Македонија е стопанска гранка која што во БДП учествува со 0,3%-0,5%, а учеството на дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија, целулоза и др.) изнесува 2,5% - 3%.

Покрај богата биолошка разновидност на шумите, Република Македонија има значајни ресурси на други шумски производи: лековити растенија, печурки, шумски плодови итн. и разновиден дивеч. Значењето на шумите се потенцира со фактот најголемиот дел од заштитените подрачја во Република Македонија се под шума.

***НСДП ќе се залага за:***

- Зголемување на површината под шума и подобрување на составот и квалитетот на шумите, заштита на постојниот шумски фонд согласно Просторниот план на Република Македонија;
- Мултифункционално стопанисување со шумите;
- Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области;
- Зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите;
- Постигнување нормална бројна состојба на дивечот во ловиштата и одржливо стопанисување ни развој на ловниот туризам;
- Промовирање и постојан развој на ефикасна и економски одржлива дрвна индустрија во согласност со понудата и побарувачката на дрво;
- Комплетирање на катастарската евиденција на шумите и шумското земјиште;
- Поддршка на образованието и системот за обука заради подобрување на економскиот развој на шумарскиот сектор;
- Подобрување на квалитетот на животната средина на национално, регионално и глобално ниво:
    - Законска, институционална и економска рамка;
    - Постојан финансиски механизам кој ќе ја подобри состојбата со шумите и развојот на шумарството;
    - Соодветно јавно финансирање на активностите поврзани со одржливото стопанисување на шумите, одржувањето на заштитните и јавните функции на шумите, чувањето, контролата, конзервацијата, подобрувањето и зголемувањето на биодиверзитетот.

## 6.3 ВОДОСТОПАНСТВО

Водата од површината на Република Македонија истекува преку 6 сливни подрачја. Поголеми се Вардар, Црн Дрим и Струмица. Во просек, на целата површина на нашава земја специфичното истекување изнесува околу 7 литри во секунда на километар квадратен. Покрај ова во Македонија постојат и подземни води кои не се доволно истражени, како и трите езера: Дојранското, Преспанското и Охридското. Во нашава земја постојат и поголем број планински езера со различно количество на вода. Исто така изградени се 18 големи и повеќе од 100 мали вештачки езера. Изградените акумулации позитивно влијаат врз квалитето на водите, бидејќи се јавуваат како големи таложници на загадувачите кои водата ги носи од сливот.

Водата е потребна за населението, земјоделството, индустријата, производството на електрична енергија, рибарството и за еколошки потреби.

***НСДП во наредниот период особено ќе се залага за следниве цели во областа на искористувањето на водните потенцијали:***

- ★ Реконструкција – рехабилитација и модернизација на постојните системи за наводнување;
- ★ Довршување и доопремување на почнатите системи за наводнување;
- ★ Да не се приватизираат водостопанските објекти, особено покрупните, кои најчесто се повеќенаменски објекти од посебен интерес;
- ★ Заштита на водите во реките и во езерата од загадување.

***Затоа се потребни анализи, унапредување и дефинирање на стратегијата на решавање на овој проблем и тоа:***

- ★ проценка на можностите на водотоците и езерата;
- ★ дефинирање на биолошкиот минимум во реките;
- ★ дефинирање на изворите на з агадување;
- ★ зачувување на водите пред се чисти (површински подземни);
- ★ проценка за зголемување на изворите на загадување во функција на развојните потреби;
- ★ можноста за прочистување на малите протоци;
- ★ санирање и отстранување на постојните загадувачи на водите.

Основното начело на стратегија за развој на ова богатство за НСДП е одржлив развој на заштитата на водите и задоволување на потребите на сегашните и идните генерации, бидејќи водата станува се позначаен природен ресурс.

Имено, системите за водоснабдување, како услов за живот, и системите за наводнување, како услов за развој на земјоделството и производството на храна, рпетставуваат важни елементи за рангирање при одредувањето на приоритетите за инвестиции. Од тие причини мора да се обезбедат буџетски средства за финансирање на изградбата на основните објекти: брани, главни дистрибутивни објекти (канали ицевоводи, заштитни објекти и друго.

***НСДП ќе се заложи за:***

- Изградба на детална каналска мрежа и
- Обезбедување финансиски средства со поволни кредитни услови.

Слична интервенција на државата е потребна и при изградбата на водоснабдителни системи за населените места. За таа цел е потребно да се развива стратегија на финансирање, односно стратегија на влијанието на државата во секторот на водостопанството.

# 7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Програмата за дејствување во областа на екологијата е посебна целина која е насочена кон развој на еколошката свест кај граѓаните за почиста и поздрава животна средина и превземање на активности и акции со кои се подобруваат различните аспекти на животната средина.

НСДП смета дека екологијата, поточно успешната реализација на заштитата на животната средина и природата треба да бидат составен дел на општествено –економскиот развој на Република Македонија.

НСДП надминувањето на постојните состојби со загадувањето и деградацијата на животната средина го смета како државна неодговорност која извира пред се од застарените техники и технологии во процесот на индустриско производство и моторните сообраќајни средства.

***Ние како политичка партија која претендира граѓаните на Македонија да живеат во средена и чиста средина предлагаме:***

★ ***Намалување на отпадоците на целата територија на Република Македонија:***

**1.** Перманентно намалување на отпадоците низ целата територија;
**2.** Селекција на отпадоците ;
**3.** Рециклирање на отпадоците;
**4.** Решавање на проблемите со депонирање на отпадоците.

★ ***Подигање на еколошката свест кај граѓаните:***

**1.** Советувања за граѓаните во врска со еколошките прашања;
**2.** Кампањи за проблемите со загаденоста на околината;
**3.** Кампањи за одржување чиста и здрава средина;
**4.** Кампањи за значењето на индивидуалниот придонес за почиста и поздрава средина.

★ ***Граѓански акции и иницијативи за намалување на загаденоста:***

НСДП ќе поддржува и иницира граѓански акции и активности во насока на намалување на загаденоста на околината, како и за подобрување на севкупната еколошка состојба. Со ова ќе се поддржуваат иницијативи во насока на подобрување на квалитетот и чистотата на водите, воздухот и почвата, чистотата на животната средина, подобрување на квалитетот на исхрана и условите за здрав живот, подобрување на условите за работа и тн.

★ ***Сервис за подобрување на животната средина и уредување на градот. НСДП во рамките на своите активности може да основа, развива и одржува непрофитни и профитни сервиси за унапредување на животната средина, што ќе опфаќа:***

- прибирање и селекција на отпад;
- рециклирање на отпадот;
- уредување на зелените површини и други сервиси во однос на потребите на граѓаните и
- потребите поврзани со екологијата и здравата животна средина.

***Здрава храна:***

Како еден од основните аспекти на животот на граѓаните, нивната здравствена состојба и условите за здрав живот постојано треба да се унапредуваат и подобруваат.

★ ***Од тој аспект НСДП се залага за:***

- Промовирање на начините за добивање здрава храна;
- Промовирање активности за потрошувачите во однос на здравата исхрана;
- Активности за лобирање и застапување пред наделжнтие за Воведување на методи за производство на здрава храна;
- Анализа за нови можности за производство на здрава храна и
- Промовирање позитивни искуства за здрава храна.

# 8. ТУРИЗАМ

Туризмот без сомнение е најсилна индустрија во светот, за многу земји  таа е значаен извозен производ и генератор за вработување. Опфаќа широка мрежа на појави и односи кои настануваат за време на туристичкото патување, а во својата реализација допира не само до економскиот,туку и до еколошкиот и културниот живот. Во структурните анализи туризмот се оценува како една од најдинамичните појави со непроценлива важност за развој на целокупното стопанство.

НСДП се залага туризмот да си го добие своето заслужено место во развојот на стопанството.

Македонија со нејзината географска положба, незагадена природа и бројни културно-историски споменици има голем потенцијал да биде атрактивна светска туристичка дестинација.Тој потенцијал може и мора поинтензивно да се валоризира за да се создаде препознатлив идентитет на туристичката понуда во Македонија, а воедно и би се олеснила нејзината  конкурентност и поставеност  на туристичкиот пазар, како барана туристичка дестинација.

За да се организира развој на Македонија како конкурентна туристичка земја мора да се усогласи работата на сите чинители,јавни и приватни,од сите области, кои директно или индиректно влијаат врз развојот на една земја како туристичка дестинација. Сите учесници во туризмот треба да се обединат и заеднички да дејствуваат во отстранувањето на сите пречки и координирано да дејствуваат во развојот на туризмот.

Во Македонија досега оваа важна стопанска гранка се третира во Сектори во Министерството за економија. Формирањето на Агенцијата за промоција и развој на туризмот се покажа како неуспешен обид да се оди чекор напред. До денес не е направена стратегија за развој на туризмот и затоа тој во Македонија се развива стихијно и без значајни резултати.

НСДП ќе се залага за унапредување на секторот за туризам во рамките на Министерството за економија.

***Со кадровското и техничко доекипирање на овој сектор ќе се постигне:***

- ★ Македонија да има стратешки развој на туризмот;
- ★ Здружување и соработка со сите здруженија на туристички приватни институции и заедничко одредување на приоритетите;
- ★ Поттикнување на инвестиции во туризмот;
- ★ Развој на конгресниот, ловниот, селскиот, здравствениот, младинскиот, алтернативниот и друг вид туризам;
- ★ Унапредување на малото стопанство, угостителството, хотелиерството, со финансиска подршка преку програмите за мали и средни претпријатија;
- ★ Добро осмислена промоција на македонскиот туризам во странство, а не правење скапи билборд – кампањи и спотови со политичка позадина;
- ★ Следење на спроведувањето на законските регулативи на државно и локално ниво и спречување на сивата економија во туризмот;
- ★ Следење на квалитетот на туристичките, хотелските и угостителските услуги;
- ★ Развивање на руралниот туризам;
- ★ Воведување меѓународни стандарди за квалитетни хотелски, угостителски и туристички услуги.

За да биде македонската туристичка понуда конкурентна на светскиот туристички пазар НСДП ќе се залага оваа стопанска гранка да ги добие даночните олеснувања што ги имаат речиси сите стопански субјекти.

Привлекувањето гости од странство треба да биe приоритет во оваа стопанска дејност. Затоа, туристичките работници треба своите понуди на светскиот пазар да ги адаптираат со конкурентни цени со кои

би се привлекле поголем број туристи, со што ке се зголеми и девизниот прилив во државата.

Зголемувањето и подобрувањето на понудата на туристичките објекти е предуслов за развој на туризмот во Македонија.

Но она што е најголем неискористен потенцијал е алтернативниот туризам, за кој ни требаат голем број помали објекти со различни содржини. Пансиони, ресторани, рибници, ергели со коњи, обележани патеки за пешачење низ планини, велосипедски патеки, видиковци, детски забавни паркови, одморалишта и се друго што може да го релаксира туристот, да го расположи и повторно да го врати. Алтернативниот туризам овозможува отворање на голем број мали семејни бизниси, со што и стапката на невработеност во Македонија ќе се намали.

Со развојот на руралниот туризам ќе се овозможи селските домаќинства да заживеат, но исто така потребни се и инвестиции за обука за развој на овој вид туристичка дејност, како и подобрување на патната инфраструктура.Со развојот на руралниот туризам голем број на граѓани ќе посакаат да се вратат и да ги развијат своите одамна напуштени огништа.

Државата треба да и помогне на оваа стопанска гранка да си го добие вистинското место кое го заслужува, со чија помош би имале бенефит не само граѓаните на Република Македонија. туку и самата држава.

Импровизациите кои се правеа досега за развојот на туризмот во Македонија се покажаа како неуспешни.

НСДП ќе се залага оваа важна стопанска гранка да си го добие своето заслужено место. Со добра развиена стратегија за туризмот во Македонија не само што ќе се намали невработеноста во државата, туку и ќе се овозможи зголемување на девизниот прилив во државната каса.

# 9. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Локалната власт е автономен систем на управување на локалните заедници, формирани на потесните делови од територијата на земјата. Исто така таа е основна организација т.е оригинерна влада. Развојот на локалната самоуправа е еден од условите на демократијата и владеењето на правото. Во локалните заедници пра-

вото на граѓаните генерално се гарантира со уставот на земјата, тоа значи можност да се создадат услови за континуирано работење на локалната заедница како целина.

НСДП во тој прилог на локалната самоуправа и на децентрализацијата како процес гледа како на можност за подобри услуги испратени од локалните заедници кон граѓаните на Република Македонија.

Нова социјалдемократска партија инсистира на почитување на гарантираното Уставно начело кое локалната самоуправа ја третира како темелна вредност. Затоа денес, бројни инцијативи и активности секојдневно се реализираат со голема динамика, одразувајќи ја целосната подготвеност за соочување со предизвиците. Овие процеси на реализација на Уставно загарантираните демократски принципи, се претопија во тесна соработка меѓу Централната и локалната власт, што резултираше со усвојување оперативна програма за децентрализација на власта и потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) на Република Македонија, изразувајќи притоа, целосен респект кон вредностите утврдени во Европската повелба за локална самоуправа.

***НСДП ќе се залага низ институциите на системот за создавање и промоција на следните приоритети во локалните заедници:***

- промовирање на континуирана и конструктивна соработка на локалните самоуправи и централните власти;
- воспоставување односи со национални и меѓународни асоцијации на локалните власти;
- Подобрување на локалното управување низ постоечката легислатива.

НСДП на процесот на децентрализација гледа како на одлична шанса за создавање на цврсти темели за изградба на Општините како доволно самостојни единици. Децентрализацијата начелно претставува таков систем на односи меѓу централните и локалните органи во кои локалните органи имаат определна самостојност.

Ние сметаме дека децентрализацијата претставува повисок и подемократски облик на територијална организација на државата.

НСДП преку своите советници на локално ниво ќе се обиде да ја доближи децентрализацијата до локалната самоуправа со што нема да биде доведено во прашање нивното постоење како посебни категории на демократскиот политички систем.

# 10. ИНФОРМАТИКА И ИНФОРМАЦИСКО ОПШТЕСТВО

Во областа на информатиката присутни се сознанија дека нашата земја заостанува особено во користењето на информатичките услуги и Интернетот. Сепак, постојат низа македонски стручни кадри кои и во оваа област се на ниво, или над стручњаците во европските земји.

***НСДП во идниот период ќе се залага за:***

- ★ Промовирање на информатичките потенцијали на македонските стручни кадри во Европската унија и во светот;
- ★ Едукација на квалитетен информатички кадар по европски критериуми;
- ★ Зголемување на производството и на извозниот капацитет на информатичкиот сектор, посебно во сегментите развој на софтвер и аутсорсинг;
- ★ Организиран заеднички настап на информатичкиот сектор во странство;
- ★ Контрола на квалитетот на информатичкиот производ.

Република Македонија преку развојот на информациското општество успешно може да се движи кон реструктуирање на економската база во таканаречена економија на знаење, со цел активно користење на знаењето и високите технологии. Висококвалификувани и добро едуцирани граѓани со основно познавање на информациско-комуникациската технологија (ИКТ) и користењето компјутери и Интернет, е една од основните премиси на НСДП за сеопфатен успешен развој.

НСДП смета дека македонското општество, во целина, може да има големи придобивки од користењето информациско-комуникациска технологија (ИКТ) доколку претпоставките за партиципација во информациското општество се создадени за сите граѓани подеднакво. Основните цели на НСДП, во тој правец, се обезбедување ИКТ развојна стратегија за: изградба на широкопојасно поврзување низ целата држава, изградба на глобален државен информациски систем, слободен пристап до ИКТ технологиите и до информациите од страна на секој граѓанин, ИКТ едукација за секого, квалитетна ИКТ професионална едукација, поддршка на развој и извоз на софтвер, поддршка на ИКТ производни капацитети и ИКТ извозно ориентирана економија.

***НСДП се залага за:***

- Бесплатен Интернет за секој граѓанин;
- Компјутер за секој граѓанин;
- ИКТ едукација на секој граѓанин;
- Изградба на супер-брза Национална ‘рбетна мрежа за пренос на податоци;
- Развој на глобален државен информациски систем (еВлада, еОпштини, еЗдравство, еПравда, електронски тендери, електронски катастар, еПазар – информациски систем за електронско истражување на пазарот, еАграр – информациски систем во земјоделството и шумарството и др.);
- Перманентен развој на е-сервиси (електронски сервиси) во сите државни институции и агенции и бесплатна обука на населените за користење е-сервиси.
- Воведување дигитален потпис на граѓанинот и негово вметнување во дигитална лична карта;
- Целосна примена на ИКТ во образованието и науката;
- Електронски државен архив на Р.М.
- Електронско управување со документи и архивирање;
- Развој на Националниот библиотечен информациски систем;
- Дигитализација на културното наследство;
- ИКТ извозно ориентирана економија.

***Во однос на легислативата НСДП ќе се залага за:***

- донесување нова и измена на постојната легислатива за регулирање одредени активности за развој на информациското општество: Закон за јавно информирање и јавни информации; Закон за телекомуникации; Закон за архивирање; Закон за бази и банки на податоци; Закон за заштита на личните податоци; Закон за регистер на население; Закон за електронска трговија и електронско банкарство;
- прогласување на пристапот до Интернет за „човеково право“ по примерот на некои европски држави.

***Во секторот на радиодифузија НСДП ќе обезбеди:***

- Доследно спроведување на Законот за радиодифузната дејност, со цел да се обезбеди транспарентно, предвидливо и ефикасно регулирање на радиодифузијата во интерес на граѓаните на Република Македонија;

- ★ Функционирање на Советот за радиодифузија како силен и независен орган;
- ★ Реорганизација на Македонската радио -телевизија во насока утврдена со европски стандарди. Институционална автономија и целосна уредувачка независност од кој било центар на моќ во општеството;
- ★ Стабилни економски услови за работење на приватните радиодифузни медиуми, со цел тие да можат да се потпрат само врз сопствените извори на финансирање - од реклами и спонзорства, како битен предуслов за нивна независност.

# 11. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Развојот на телекомуникациите во согласност со европските принципи е еден од предусловите за развој на модерно и развиено општество.

***Во оваа област НСДП се залага за :***

- ★ Развој на либерализиран пазар на телекомуникации како еден од основните инфраструктури за сеопшт стопански развој;
- ★ Телекомуникациите да бидат основа за развој на производство во електронските, телекомуникациските и информатичките и други сродни индустрии;
- ★ Усовршување на кадри во доменот на информатиката и телекомуникациите.

***Наведените цели ќе ги реализира со следниве активности:***

- ★ ***комплетна либерализација на телекомуникацискиот пазар преку:***
    - воведување современа Европска регулатива;
    - реформа на регулативните тела (Комисија и Агенција за телекомуникации) во стручни, независни и компетентни регулативни тела;
    - обезбедување поволности за развој на извозно ориентирано производство во доменот на информатичката технологија.

***НСДП во наредниот период ќе се залага за:***

- ★ комплетна либерализација на фиксната телефонија, преку имплементација на европските просечни цени за интерконекција и разврзна јамка;
- ★ екипирање, деполитизирање и стручно оспособување на Агенцијата за телекомуникации;
- ★ регулација на национален роаминг и комплетно регулирање на сите безжични телекомуникации.

Република Македонија, како земја кандидат за членство во Европската унија, има намера и обврска да го следи европското искуство и регулатива во доменот на телекомуникациите.

Тоа подразбира дека Македонија треба да обезбеди регулативна рамка и комплетно да го либерализира пазарот на телекомуникации.

## 12. ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОСТОРОТ

НСДП наследи евидентни регионални диспропорции и нерамномерен развој на просторот на Републиката. Ова, пред сѐ, е изразено преку разместувањето на населението и демографските тенденции во однос на природните потенцијали, развиеноста на стопанството, социјалните капацитети и инфраструктурната мрежа. За оваа состојба во голема мера придонесува и диспропорцијата меѓу материјалното производство и степенот на развиеност на јавните функции.

***НСДП ќе се залага:***

- ★ Просторното и урбанистичкото планирање, како и придружната легислатива да овозможат суштинска преобразба и вкупен социоекономски развој во услови на радикалните промени во општеството;
- ★ Концептот на урбанизација и земјишната политика да бидат во функција на обнова и зацврстување на демократско општество, во што најголемо значење ќе има приватната сопственост, пазарното стопанство и владеење на правото;
- ★ Со оглед на определбата дека приватниот сектор ќе биде основен двигател на нашиот стопански развој, приватната иницијатива да се вклучи и во просторното и урбанистичко планирање, со рамноправ-

но учество на државата, која ќе дава концесии, донесува законски норми и стандарди и ќе води сметка за социјалната правда и стабилност;

- Со планирање, управување и заштита на просторот да се унапредат стопанските дејности и да се зголеми вработеноста, како и да се поттикне општествената кохезија. Исто така, да се подобрат квалитетот на живеење и здравјето на населението и да му се овозможи избор и разновидност;
- Со пофлексибилен роцес на одлучување и поголема поддршка на државата на локалните заедници да се зачуваат националното богатство и идентитетот, да се заштитат необновливите природни ресурси, да се заштеди енергијата и да се применуваат чисти технологии;
- За регионален развој и насочена урбанизација како модели со кои ќе се овозможи рамномерен развој на нашите подрачја и ќе се одбегне концетрација на сите институции од национално значење на пренагласен полн економскиот развој - Скопје. Со процентот на оддалечување од овој пол на развојот треба да се зголемува и процентот на државната помош, за населението да се мотивира да остане да живее на тие простори;
- За ревитализација и уредување на селата како неопходен и императивен процес, не само од економски причини, туку и заради зачувување на територијата на нашата држава;
- За итно покренување на процесот на реституција и афирмација на приватната сопственост по пат на денационализација и реекспропријација. Градежното земјиште и недвижностите се развоен ресурс од битно значење за локалната заедница и за државата. Со конфискацијата, национализацијата и некритичката експропријација, градежното земјиште преминало во држава сопственост, со што е деградирана нашата урбоекономија;
- За основање државни, мешовити и приватни компании за недвижности и уредување на земјиште, реконструкција на ерационални делови на градовите и стимулирање на претприемништвото.

# 13. ГРАДЕЖНИШТВО

НСДП ќе се залага за рзвој на градежништвото, како пропулзивна гранка, која овозможува економски развој и намалување на бројот на невработени.

***НСДП ќе се заложи за:***

- ★ Довршување на постојната патна и железничка инфраструктура во наредните 4 години, а особено на пругата до Република Бугарија и довршување на Коридорите 10 и 8;
- ★ Комплетна реконструкција и модернизација на патната мрежа, со изградба на патна инфраструктура до секое населено место во Република Македонија;
- ★ Подготвување на стандардот на постојните патни правци, како и во изградбата на идните патишта, особено на автопатите;
- ★ Градење на регионален карго центар во рамките на проекцијата за изградба на трет аеродром во Струмица;
- ★ Утврдување стандарди и контрола на истите за градежни објекти. При тоа, во овој случај мораат да се користат услугите на ИЗИС, поради влијанието на потресите врз градежните објекти;
- ★ Изградба и модернизација на гранични премини;
- ★ Ригорозни контроли за намалување до комплетно уништување на градежната мафија.

# 14. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Имајќи го предвид времето во кое живееме, младата популација, во недостатокот на вистински вредности, многу често посегнуваат по некои пороци и се повеќе се склони кон девијантно однесување, агресија и многу други негативни појави, како резултат на болестите на современото општество. Сметаме дека учеството на младите во било која спортска, културна или друга институција може да придонесе за нивно осознавање на вистинските вредности на животот.

Спортот во Република Македонија стагнира поради лошата организација, недовршената децентрализација и сè уште недоволната организираност на системот на финансирање. Голем број спортски

организации се расформирани, не функционираат или се борат за егзистенција. Потребен е нов спортски дух во федерациите, освежување и мотивирање на младите за нивно вклучување во спортските организации. Потребна е адекватна научна анализа за состојбите во олимпискиот спорт и во спортот воопшто во Република Македонија за да се дадат идните правци на дејствување на овој план.

***НСДП на спортот гледа како на дејност од општ интерес во функција на здравиот живот, така што во духот на „Европската спортска повелба", Националната Програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година и други документи, СВОЈАТА ПРОГРАМСКА ДЕЈНОСТ ЌЕ ЈА НАСОЧИ И КОН РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И ТОА:***

- ќе донесе нова Стратегија за развој на спортот (натпреварувачки и масовен) во Република Македонија, спорт за возрасните и младите, спорт за меѓународен настап, Олимписки спорт и спорт за лицата со посебни потреби;
- анимирање на прекинатиот процес на децентрализација на спортот во Република Македонија;
- омасовување на училишниот спорт, воведување систем на натпревари во кој без ограничувања ќе можат да се најдат сите оние ученици кои сакаат да спортуваат и да се натпреваруваат;
- изградба на систем на натрпевари од училиштето, локалната и регионалната средина до државата, меѓународните и олимписките натпревари;
- помагање и овозможување непречена дејност на спортските федерации на сите нивоа;
- посебно внимание ќе се посвети на грижата за организирање на работниците во рекреативните натпревари и создавање услови за синдикалнен систем на натпревари во функција на одржување и подобрување на здравјето, физичките и работните способности (содржајно исполнување на слободното време);
- анимирање на локалните власти за развој на волонтерски спортски клубови за масовно организирање на граѓаните за спортски и спортско-рекреативни активности;
- развивање на спортскиот туризам како потреба на туристичките центри, и формите кои се атрактивни за домашните и странските туристи (активен и здравствен спортски туризам);

- афирмирање на можностите за спортување во кругот на работните организации како потреба за освежување и репродукција на работните способности;
- посебни програмски активности за организирање на студентскиот спорт, редовен и натпреварувачки, организирање на систем на натпреварувања за студентите и учество на меѓународни натпревари,
- залагање за ослободување од одредени давачки на организации и поединци кои приватно финансираат спортски организации и спортисти кои ја претставуваат Република Македонија на меѓународни натпревари,(обезбедување бенефиции регулирани со закон);
- Инвестирање во обнова и доизградба на веќе постоечките спортски објекти, а не само да се градат нови мали и нефункционални објекти;
- Подигање на спортската култура кај младите во Македонија на повисоко ниво;
- Спречување на расизмот, национализмот и насилството на спортските терени како крајно негативни појави.
- НСДП особено ќе се заложи за помагање на квалитетниот спорт (првите лиги и меѓународните натпревари), а во таа насока ќе даде можност за пролонгирање на роковите за задолжителната трансформација на спортските клубови во АД;
- Со овозможувањето на услови за издигнување на спортот на повисоко ниво ќе допринесеме спортските активности од домашната сцена да го заземат соодветното место во нашиот медиумски простор, особено во програмата на МРТ како јавен радиодифузен сервис;
- Предучилишно физичко образование, кое би опфаќало активности за децата во сала, на базен и на отворено, како и воведување на играта како физичка активност во предучилишните установи;
- Развој на спортот и спортската рекреација за лицата со посебни потреби. На овој начин, покрај телесната и менталната рехабилитација на хендикепираните личности и учество во специјални спортски натпревари, се обезбедува и интеграција на тие личности во општеството. Со добро осмислена програма, лицата со различен инвалидитет би имале можност за секојдневно занимавање со физички активности низ различни спортски дисциплини, спортски натпревари и манифестации. Изградбата на терени за реализација на овие специфични спортски активности ќе добие висок приоритет;

- Развој на рекреативниот спорт (спорт за сите) преку спроведување на масовни акции за пешачење, планинарење, организирани излети, возење велосипеди, улични трки, улична кошарка, мал фудбал и атлетика. Секако и преку изградба на наменски објекти за рекреација: сали, рекреативни зони за масовно спортување, фитнес центри и отворени спортски терени.

## 15. ЖЕНАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

***Само со учество на жените ќе обезбедиме праведно, прогресивно и ефикасно општество***

Една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија е родовата рамноправност и еднаквост.

Родовата рамноправност и еднаквост како темелно право и заедничка вредност за ЕУ се неопходен предуслов за постигнување на нашите евроатлански цели.

Од уставните одредби кои се однесуваат на човековите слободи и права НСДП ја црпи политиката на родова рамноправност и зајакнување на улогата на жената во јавниот и политичкиот живот во земјата.

Како европски ориентирана партија НСДП се залага за еднаквост помеѓу мажите и жените особено кога станува збор за правата, придобивките, обврските и можностите.

Како социјалдемократи се залагаме за лична, социјална, економска, културна и политичка рамнопрвност меѓу мажите и жените.

Основно начело во современите демократски општества за кое се залага и НСДП е еднаквото учество на жените и мажите во сите сфери од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права и развојот на нивните индивидуални потенцијали.

Жените мора да имаат и еднакви придобивки од резултатите произлезени од заедничкото учество во градењето на мирот, демократијата, економскиот, научниот и културниот развој на земјата.

Родовата рамноправност и еднаквост НСДП ќе ја гради преку заеднчкото учество на жените и мажите во дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на државнните политики во сите сфери на општествениот, економскиот, политичкиот и културниот живот.

Јакнењето на улогата на жените во 21 век значи развивање на нивната способност колективно и индивидуално да преземаат контрола над своите животи, самостојно да ги идентификуваат своите потреби и сами да ги одредуваат своите интереси. Наведените работи ќе можат да се остварат со трансформација на поделбата на трудот и општеството.

НСДП се залага за баланс во поделбата на позициите на моќ и одлучување бидејки само на тој начин можеме да бидеме дел од европското семејство.

Предлагаме перманентно усовршување на родовата рамноправност и еднаквост на државните службеници од центрелната и локалната власт со што ќе се овозможи еднакво учество на мажите и жените во градењето на институциите, во економскиот развојот на земјата како и во зедничкото уживање на придобивките.

НСДП ќе продолжи со промовирање на родовата рамноправност и еднаквост особено во процесите на донесување одлуки, вклучувајки правни и административни мерки насочени кон зголемување на улогата на жената во политичкиот живот.

- Воведување програмски содржини во наставните планови и програми за родова рамноправност и еднаквост;
- Отстранување на сите облици на дискриминација на пазарот на трудот и во работниот процес;
- Зголемување на вработеноста кај жените;
- Отворање нови шелтер центри за згрижување, заштита и поддршка на жените жртви на семејно насилство;
- Унапредување на здравјето на жената преку законско регулирање на систематски прегледи;
- Зголемено учество на жената во меѓународната политика;
- Зголемено учество во полициските и воените единици.

# 16. НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ ПРИОРИТЕТИ

Зачленувањето во НАТО и ЕУ е стратегиски приоритет на Република Македонија во областа на надворешната политика, а земјите членки на овие меѓународни организации ќе имаат неспореден приоритет во надворешно-политичката стратегија на нашата земја.

Поради популистичките и непромислени активности на политичарите од редовите на владејачката партија, за жал, дојде до недоразбирања и непосакувани состојби во односите на нашата земја со некои земји од НАТО и ЕУ, а посебно во односите со САД како наш најважен стратегискли партнер. Зајакнувањето на пријателските односи и унапредувањето на соработката со САД е од посебно стратегиско значење за Република Македонија. Во тој поглед од посебно значење е Спогодбата за стратегиско партнерство меѓу Република Македонија и САД, која беше потпишана 2008 година. Упорно ќе работиме за натамошно унапредување на односите и соработката со САД како водечка политичка, економска, финансиска и воена сила во светот.

Ќе се залагаме за натамошно унапредување на односите и соработка со Канада, Велика Британија, Германија, Франција, Италија, Шпанија, но исто така, и со сите останати земји членки на НАТО и ЕУ.

Реализацијата на зацртаните надворешно-политички задачи и цели се одвива забавено и со големи тешкотии, првенствено поради неискуството, грешките, гафовите и погрешните проценки на македонската дипломатија во минатите две децении!

Погрешната политика, неснаоѓањето и инертноста на македонската дипломатија е главна причина што Македонија од самопрогласен лидер на реформите во регионот прерасна во земја која се соочува со сериозни проблеми во процесот на нејзиното интегрирање во ЕУ и НАТО! Во април 2008 година Албанија и Хрватска постанаа членки на НАТО, Хрватска е при крајот на преговорите за зачленување во ЕУ, а постојат реални шанси Србија, Црна Гора и Албанија да ја претркаат Македонија на патот кон ЕУ!

Инертноста и неснаоѓањето на македонската дипломатија, во голема мера е последица на отсуството на реални проценки и сознанија за она што се случува во регионот на Балканот, во Европа и во Светот! Ваквите состојби налагаат потреба од основање на **Институт за меѓународни политички и економски односи**, кој детално ќе ги анализира настаните и промените што се случуваат во регионот, во Европа и во светот и кој ќе придонесува за дефинирање на ефективна и целисходна надворешно-политичка стратегија на државата.

За амбасадори во странските земји ќе бидат именувани квалификувани и способни кадри, кои ќе работат во интерес на државата и нејзините граѓани. Имајќи ги предвид економските состојби и потреби на државата, главен приоритет на македонската дипломатија ќе биде унапредувањето на извозот на македонски производи и

привлекувањето на странски инвестиции. Ќе преземеме сериозни мерки за организиран настап на македонските извозници, како битен предуслов за унапредување на извозот.

Ќе преземеме мерки за максимална рационализација и максимална ефикасност на македонските ДКП во странските држави. Ќе покриваме колку што е можно поголем број држави, во кои немаме отворено ДКП, со нерезидентни амбасадори со седиште во Скопје, кои би работеле задолжени за следење на внатрешните состојби и настани во земјите во кои ќе бидат акредитирани, како и за следење и анализирање на нивните надворешни политики, а истовремено, би биле задолжени и за реализација на билатералната соработка со односните земји.

***Интензивирање на соработката во регионот на Балканот***

Имајќи предвид дека, во последно време, од Брисел се почесто се најавува дека во ЕУ треба да бидат примени заедно сите земји од тн. Западен Балкан, освен Хрватска која најверојатно ќе стане членка на ЕУ во блиска иднина, ќе се залагаме за интензивирање на односите и соработка со спомнатите земји, но и со останатите земји од регионот на Балканот. Мошне значајно е тоа што, во последно време, со слични декларативни најави настапува и Србија како најголема и најзначајна држава во регионот на Западен Балкан.

За Македонија воспоставувањето на подобри односи во регионот е посебно значајно, бидејќи тоа може да придонесе за надминување на познатите проблеми и тешкотии кои ги оптоваруваат односите и соработката на нашата земја со поодделните соседни држави!

***Итното зачленување на сите земји од регионот на Балканот е единствен и најдобар начин за стабилизација не само на Балканот, туку и на цела Европа!***

Општо познато е дека најзериозна пречка за зачленување на Македонија во НАТО и ЕУ е ветото од страна на Грција, кое за жал, го подржуваат и мнозинството од земјите члени на НАТО и ЕУ. Имајќи ја предвид ваквата состојба упорно ќе се залагаме и ќе работиме за запирање на негативните трндови и за подобрување на односите и соработката меѓу Македонија и Грција. Прв чекор што ќе го преземеме во таа насока ќе биде предлогот за потпишување на ***Договор за пријателство и соработка меѓу Македонија и Грција***, како битен предуслов за зајакнување на довербата меѓу двете земји.

Ќе се заложиме за реактивирање на Платформата на САД од 1995 година за уредување на односите меѓу Македонија и Грција, која ја исклучува можноста за победник или за поразен во преговорите! Токму почитувањето на овој принцип од двете страни придонесе за своевидна хибернација на проблемот со името во периодот 1995-2004 година. Во последните 5-6 години овој принцип, за жал, не се почитуваше доследно што придонесе не само за реактуелизирање на проблемот со името, туку ја продлабочи недовербата меѓу двете земји и стана главна кочница на патот на нашта земја кон НАТО и ЕУ. Ќе се заложиме за прекинување на ирационалната реторика, која води кон натамошно влошување на односите меѓу двете земји.

Имајќи предвид дека практично сите меѓународни фактори инсистираат на изнаоѓање на компромисно решение, како предуслов за зачленување на нашата држава во НАТО и во ЕУ, треба да се пристапи кон подготовка на соодветна платформа за надминување на познатиот проблем во односите меѓу двете земји!. При подготвувањето на платформата ќе се води сметка и за одлуките на Меѓународниот суд во врска со тужбата што ја покрена РМ против Грција пред овој суд. Во врска со спорот со Грција околу името на нашата држава, мошне значајно е тоа што меѓународните фактори веќе разбираат и го поддржуваат ставот на Република Македонија дека во преговорите околу името на нашата држава не може и не смее да биде оспоруван или загрозуван националниот идентитет на Македонскиот народ! На таа основа ќе бараме компромисно решение со Грција за надминување на спорот околу нашето уставно име.

Односите и соработка меѓу Македонија и Србија, кои поради повеќедецениското заедничко живеење во југословенската федерација, се базирани на традиционално пријателство и заемно разбирање. Иако, согласно Уставот на Република Македонија, Црквата е одделена од државата, упорно ќе се залагаме за надминување на проблемот околу признавањето на МПЦ од страна на СПЦ, како единствен сериозен проблем во односите меѓу двете земји, односно меѓу македонскиот и српскиот народ.

Прогласувањето на Косово за самостојна држава ја доведе Македонија во мошне деликатна позиција, бидејќи беше доведена пред свршен чин да се определува за политиката на една од конфронтираните страни, односно за Србија или за Косово! Ваквите состојби се, сепак, релативизирани со започнување на преговорите меѓу Белград и Приштина!

Ќе се залагаме за натамошно унапредување на односите и соработката меѓу Македонија и Бугарија. За Македонија е мошне значајно Бугарија како членка на НАТО и ЕУ да продолжи да ги поддржува напорите на нашата земја за зачленување во евро-атланските структури.

Односите и соработката меѓу Македонија и Албанија се движат по нагорна линија. Ќе се залагаме и ќе бараме Албанија да остане доследна на ставот за признавање на уставното име на нашата држава. Мошне значајно е тоа што Албанија во последно време презема мерки и активности за подобрување на позицијата на македонското малцинство во неа. Сепак, загрижува тоа што на Македонците во Албанија им се ограничува правото слободно да ја декларираат својата национална припадност на претстојниот попис во оваа држава.

Ќе се залагаме и ќе работиме на унпаредување на односите и соработката со сите држави кои настанаа по распаѓањето на СФРЈ, како и со остантите блакански држави. Имајќи ги предвид економските потенцијали, геополитичката позиција, бројот на населението, како и коректното и фер однесување спрема нашата држава, посебно внимание ќе посветиме на натамошно зајакнување на пријателските односи и соработката со Турција, која е втора земја (по САД) со која нашата држава има потпишано Договор за стратегиско партнерство. Ќе се залагаме за натамошно унапредување на пријателството и соработката и со Романија.

***Развој на односите и соработката со земјите од Источна Европа и останатите континенти***

Имајќи ги предвид близината и традиционалната соработка со земјите од Источна Европа ќе се залагаме за натамошно зајакнување на пријателските односи и соработка со овие земји. Посебно внимание ќе посветиме на развојот на односите и соработката со Русија. Поради изобилството со енергетски и други суровини и поради големиот азар Русија е мошне значаен партнер практично за сите европски земји, но, исто така, и за Кина, Јапонија и останатите земји од Источна Азија. Русија е традиционален трговски партнер на Република Македонија, но, исто така, и земја со која нашата држава има воспоставено богата соработка и во областа на културата. Ќе се залагаме за натамошно унапредување на односите и соработката со Украина, Казахстан и останатите држави кои настанаа по распаѓањето на Советскиот сојуз. За Република Македонија земјите од Источна Европа се значајни како

потенцијални трговски партнери за извоз на македонските производи и градежни услуги, како и за увоз на енергетски и други суровини.

Ќе се залагаме и ќе работиме на унапредувањето на односите и соработката со сите позначајни земји од Азија. Посебнио внимание ќе посветиме на развојот на односите и соработката со Кина, Индија и Јапонија. Ќе се залагаме за унапредување на односите и соработката и со земјите од блискиот исток и од Африка, кои моментално се соочуваат со сериозни транзициски тешкотии, при што посебно внимание ќе посветиме на Египет, Либија, Тунис, Алжир, Мароко и Јужно-африканската Република. Без оглед на географскта одалеченост ќе се залагаме за вопоставуавње на односи и соработка и со земјите од Латинска Америка, а посебно со Бразил, Аргентина, Чиле и Мексико.

Економската, културната, научната и друг вид соработка се, исто така, битни во севкупниот развој на односите во регионот. Република Македонија треба особено да инсистира на соработката и развојот на таканаречените евро-региони.

Потребата е поинтензивна и суштинска активност на Република Македонија во меѓународните организации и институции за афирмација и промоција на нејзината политика и култура.

Интензивирање на соработката со нашите иселеници на културен и економски план. Тие се мост меѓу татковината и земјите каде што живеат, а со новиот Изборен законик тие имаат право да учествуваат на претседателски и на парламентарни избори и на избор на тројца пратеници во Собранието на Република Македонија од три изборни единици во дијаспората. Значајно прашање, секако, е и стимулирањето на нашите иселеници-бизнисмени да инвестираат во Република Македонија. Потребно е да се организираат редовни средби со нив и да добиваат вистински бизнис-поволности за изградба на туристички комплекси, на станбени објекти, потоа инвестирање во земјоделството и во развојот на мали и средни претпријатија.

Привлекувањето странски инвеститори и вложувањето странски капитал во македонското стопанство е услов за натамошен побрз развој на Македонија. Тоа досега се прави на незначително ниво, со мошне мали ефекти.

# 17. БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И ЗАШТИТА

Националните вредности и интереси се основните критериуми и највисок приоритет на НСДП при дефинирањето, практикувањето и опредметувањето на безбедноста, одбраната и заштитата на граѓаните, општеството и државата. Натамошната изградба на мирот, безбедноста, одбраната и заштитата, како и превенцијата и ефикасното справување со сите форми на загрозување на безбедноста и стабилноста и зачувувањето на животите, сигурноста, имотот и здравјето на луѓето се од првостепено значење, додека реформите во безбедносно-одбранбениот и заштитниот сектор се клучни за наша целосна и побрза интеграција во НАТО и во ЕУ. Нема алтернатива на политиката на добрососедство, регионална и мултилатерална соработка, разбирање, доверба и развивање стратегија и изградба на безбедносен и одбранбено-заштитен систем по моделот на современите демократски општества.

НСДП посебно внимание ќе и посвети на основната цел на политиката за безбедност, одбрана и заштита на граѓаните, општеството и државата. Нашата определба е програмата да кореспондира со правата и обврските кои произлегуваат од Уставот и од законските решенија во областа на безбедноста, одбраната и заштитата, со очекувањата на најширокиот слој граѓанство, но и со почитувањето на меѓународното право и меѓународните договори и спогодби. При тоа сме свесни дека денес, во услови на една нова воено-политичка средина, политиката за безбедност, одбрана и заштита поприма нови карактеристики и квалитетно нови вредности.

***Главните цели на НСДП во сферата на безбедноста, одбраната и заштитата ќе бидат:***

- Изградба на заокрушување на солвентен и неопходно компетентен безбедносно-одбранбен систем, со потенцијал на земјата за успешно справување со воени и неконвенционални и асимтерични закани по суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија и за успешна заштита на населението;
- Создавање поволни воено-стратегиски и воено-политички услови за гарантирање на националната безбедност;
- Соработка, подготовка и присоединување кон меѓународните организации за безбедност и колективна одбрана и учество во нивната дејност;

★ Превенција и заштита на населението при природни катастрофи, индустриски хаварии, опасни контаминации и загадување на животната средина.

НСДП е на цврста и непоколеблива определба да продолжи трансформацијата и модернизацијата на одбранбениот и безбедносно-заштитниот систем, чии основни карактеристики ќе бидат ефикасност, флексибилност, економичност и приспособливост на потребите на новото време и предизвиците со кои се соочува.

НСДП ќе промовира принципи на дејствување и пристап на решавање на прашањата од областа на безбедноста, одбраната и заштитата со користење на искуствата и новите сознанија на домашната експертска средина и на современата евроатлантска теорија и практика, а кои ќе имаат практична примена во развојот на системот за безбедност на Република Македонија, заради тоа:

Безбедносниот, одбранбениот и заштитниот потенцијал ќе го карактеризираат јасна воено-политичка перспектива, ефикасно и делотворно раководство и единствено планирање, сигурен систем за рано предупредување и брза реакција, високо ниво на мобилност и мотивираност и современ систем за управување.

Структурите на безбедноста, одбраната и заштитата со силно мотивиран и респектабилен високопрофесионален, едуциран и врвно обичен персонал, ќе се изградуваат така да одржуваат готовност и ресурс за квалитетно и ефективно извршување на брзи дејства за одбрана и заштита на населението и националната инфраструктура при справување со заканите и ризиците по безбедноста, како и при природни катастрофи, индустриски хаварии и опасни загадувања на животната средина и да бидат достоен и рамноправен партнер во меѓународните мировторни усилби.

Трансформацијата и целосната професионализација на Армијата ќе бидат во функција на добро обучена, ефективна и модерна професионална армија, компатибилна со НАТО, сила која може брзо да се распоредува за потребите на безбедноста на Република Македонија, но и да се вклучи во рамките на струткурите на Алијансата, во изградбата и одржувањето на мирот и безбедноста во регионот и на глобално ниво.

Ќе се изгради нов современ модел на полициската организација која ќе одговара на демократското општество и на принципот на владеење на правото, заштита и почитување на фундаменталните човекови слободи и права.

Со интегрирање на повеќето високообразовни институции кои едуцираат кадар од областа на безбедноста и одбраната ќе се избегне дуплирањето на капацитетите и продукција на вишок кадар. Воената академија нема да се укинува, туку ќе се редизајнира и ќе продолжи со работа во областа на специјализациите, научно-истражувачката работа и едукацијата на воениот и на цивилниот персонал на задачите и мисиите.

Укажувајќи ги преземените обврски на меѓународен план, особено во процесите за зачленување во НАТО, ќе следува критичко преоценување на политичко-стратегиските и оперативните документи, кои во практиката се покажаа за надминати, а некои од решенијата не заживеаја или се покажаа за неефикасни.

# IV. РЕЗИМЕ НА ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА НСДП

Од практични причини овој текст во форма на Изборна програма е сублимирана верзија на проектот на НСДП наречен „Програма на Владата“ за периодот што следува. Експертскиот тим кој работеше на оваа Програма, смета дека е најдобро пред јавноста да се обрати со овој документ што е пред Вас, додека, пак, пообемните и конкретни делови, пред се, од областа на економијата, НСДП поединечно ќе ги презентира на јавни трибини, на тркалезни маси и на дебати во електронски и печатени медиуми.

Со одделни сепарати и со конкретни проекти ќе биде претставена и таканаречената „Програма на проекти и задачи на младите“, од страна на НСДМ.

Во својата Изборна програма НСДП се залага за изградба на функционирачка пазарна економија, заснована врз демократски и пазарни принципи, како и врз нов политички морал, стабилен демократски развој кој гарантира владеење на правото и почитување на човековите права.

Еден од главните приоритети на НСДП е намалување на сиромаштијата и подигнување на животниот стандард на сите граѓани, а не на поединци.

НСДП својата политичка платформа ја темели врз принципите на современата европска социјалдемократија.

Во поглед на развојот на земјата, НСДП се потпира врз научните сознанија и теоретските поставки вградени во стратегијата за развој на МАНУ. НСДП своето влијание ќе го насочи кон поддршка на *развојот на малите и на средните претпријатија*, рестартирање на рудниците за олово и цинк и преработувачките капацитети на црната и обоената металургија.

За НСДП основните цели на *Стратегијата на развојот на земјоделството* ќе бидат: зголемување на асортиманот и квалитетот на земјоделските производи; еко-производи; субвенционирање на точно утврдени култури и зголемување на извозот на земјоделски производи.

Искористување и обновување на шумите, *заштита на природните богатства и животната средина* се дел од Програмата на НСДП.

НСДП се залага за искористување на климатските услови за унапредување на угостителско-туристичката дејност, со акцент врз *селскиот туризам*.

Што се однесува до *градежништвото,* НСДП се залага за довршување на постојната железничка и патна инфраструктура, како и подигнување на стандардите на значајните патни правци.

Целите на НСДП во наредниот четиригодишен период се: *доследно градење на отворено општество*; зголемување на ефикасноста и премин кон траен одржлив економски раст; проширување на надворешно-економските односи, регионално и пошироко, и извозна ориентација на стопанството; зголемување на нивото на квалификуваната работна сила; промовирање на информатичките можности на македонските стручни кадри во Европската унија и во светот; контрола на квалитетот на производите и менаџирање со бизнисот.

НСДП ќе се залага *макроекономската политика* да биде во функција на економскиот развој, на зголемувањето на странски и домашни инвестиции. Бруто домашен производ во наредните 4 години со пораст од 6% до 7% годишно; намалување на трошоците на јавната непродуктивна потрошувачка и насочување на средствата за инвестиции во развојни проекти, како и реформи во банкарскиот систем во функција на економскиот развој, намалување на каматните стапки кои треба да се движат од 4% до 6% за кредити за инвестиции и за враќање на довербата на штедачите.

НСДП ќе се залага со *даночната и царинската политика* да се намали товарот врз стопанството, со цел создавање поголема акумулација за нови инвестиции. Во таа насока НСДП во Програмата предвидува: ослободување на данокот на добивка за домашните и за странските правни лица во период од 4 години (0% стапка), за вложувања во современа технологија, воведување нови производи, зголемување на вработувањето и зголемување на извозот; 5% стапка на ДДВ - за информатичка опрема и услуги, за електрична енергија на граѓаните; поедноставна постапка при увоз на добра; намалување на најниската стапка за персонален данок на плата од 15% на 10%, со што ќе се намалат трошоците на работната сила; донесување на Закон за минимална плата, а висината на минималната плата при носењето на законот ќе се утврди во договор помеѓу социјалните партнери; зголемување на пензиите за 10% во наредните 4 години.

Во рамките на *образованието, науката, културата и спортот*, НСДП подвлекува дека образованието претставува приоритетна област која ќе го олесни и забрза нејзиното економско заздравување, фундирање на демократијата и интеграција во меѓународната заедница. Особено се залага за создавање материјални услови за непречено имплементирање на принципите и препораките произлезени од Болоњскиот процес во високото образование, како и за подобрување на студентскиот стандард, проширување на студентските капацитети и зголемување на студентските стипендии.

Стратегијата на НСДП во областа на *здравството* се базира врз заштитата и унапредување на здравјето на граѓаните, како предуслов за успешен економски и социјален развој на Република Македонија. Основни цели на стратегијата за здравство се: подобро здравство за сите, слободен пристап, континуирана, одговорна и соодветна здравствена заштита и болничка нега и висока функционалност. Во социјалната политика државата неопходно мора да ја задржи својата улога и функција на најзначаен фактор.

*Социјалната политика* на НСДП ќе биде доминантно насочена кон активни мерки што подразбираат посредување при вработувањето, информирање на невработените за расположливите слободни работни места, изготвување на програми за дообразување, финансиско олеснување за работодавачите што ќе вработат нови работници и слично.

НСДП смета дека македонското општество во целина, може да има големи придобивки од користењето на *информациско-комуникациската технологија (ИКТ)* доколку претпоставките за партиципација во информациското општество се создадени за сите граѓани подеднакво. Основните цели на НСДП, во тој правец, се обезбедување ИКТ развојна стратегија за: изградба на широкопојасно поврзување низ целата држава, изградба на глобален државен информациски систем, слободен пристап до ИКТ технологиите и информациите од страна на секој граѓанин, ИКТ едукација за секого, квалитетна ИКТ професионална едукација, поддршка на развој и извоз на софтвер, поддршка на ИКТ производни капацитети и ИКТ извозно ориентирана економија.

Во рамките на *правниот систем и судството*, НСДП ќе се залага за: независно судство, за елиминирање на секаков вид корупција; стабилност на институциите; независен судски буџет; единствен информациски систем; транспарентност и достапност; алтернативно решавање на споровите; Закон за права на лица со хендикеп; За-

кон за преквалификација и вработување на стечајните работници; подобрување на Законот за работни односи и применливост во зголемувањето на работничките права.

Стратегијата за *локалната самоуправа*, Акциониот план и подоцна Законот за локална самоуправа, односно реформите во локалната самоуправа, НСДП ги поддржува како процес заокружен со уставните решенија.

***Во доменот на надворешната политика на Република Македонија, НСДП, учествувајќи во идната коалициона влада, ќе се залага за почитување на следниве приоритети:***

- ★ Полноправно членство на Република Македонија во ЕУ и во НАТО;
- ★ Зацврстување на партнерството со САД и развивање на односите со другите влијателни земји во светот;
- ★ Интензивирање на односите со соседите и развивање на регионалната соработка;
- ★ Интензивирање на соработката со нашите иселеници и
- ★ Привлекување странски инвеститори;

НСДП посебно внимание ќе и посвети на политиката за *безбедност, одбрана и заштита* на граѓаните и на државата.